**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Петтото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 декември 2003 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Пратениците Трифун Костовски, Ристо Пејоски, Петар Наумовски, Љубчо Ѓорѓиевски, Никола Груевски, Игор Ивановски, Неждет Мустафа и Али Ахмети ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Има збор господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господине претседателе, дали ќе има претставник на Владата?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Службите нека го викнат претставникот на Владата. Ја прифаќам забелешката .

(Во меѓувреме пристигна министерот за образование и наука господинот Азис Положани).

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господине претседателе, прво, на почетокот сакам како пратеник да изразам еден свој протест за ваквиот начин на работа кој во основа го допира дигнитетот на нас пратениците. Мислам дека ова не ни е потребно ниту нас, ниту на македонската јавност со оглед на тоа што укажувањата кои овде три дена ги даваме

по однос на Законот за основање на Универзитет во Тетово, не наидува на соодветна рекација од претставникот на Владата. А нашите укажувања се сериозни по повеќе основи. Бидејќи на претходните расправи укажував на некои образовни димензии околу тоа дали овој Предлог-Закон е пред се во функција на остварувањата од Рамковниот договор и дали во таа корелација со Рамковниот договор всушност ние остануваме надвор од него, бидејќи точката 6 од Рамковниот договор укажува на тоа дека во Република Македонија високото образование на етничките заедници ќе биде потпомагано од државата и во тие преговори основа за таков став во Рамковниот договор всушност беше потребата да се поддржи југоисточниот Универзитет во Тетово, т.н. Штулов Универзитет кој по сите перформанси и акредитации одговара на Универзитет кој не само што може да го понесе епитетот Универзитет, туку со својот програмски концепт, со своите катедри е и на одреден начин предвесник на она што го викаме Европско образование. Меѓутоа, во оваа дискусија бидејќи сум прв денеска, сакам да се задржам на некои правни аспекти во постапката околу легализирање, или оснивање на Универзитет. И ќе почнам со она што Уставот на Република Македонија во членот 8 ставот 1, алинеја 1 и 3 го утврдува како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, основните, слободи и права на граѓаните признати со Меѓународното право утврдени во Уставот, како и владеењето на правото.Го потцртувам овој елемент владеењето на правото, бидејќи токму на примерот на легализација на т.н. Малоречански универзитет се напушта овој уставен принцип на владеење на правото и не се почитува примената на законите и одредбите кои се однесуваат на постапка за основање на Универзитет. Дека тоа е така може да се констатира и од самиот предлог , бидејќи како основ за оснивање, за предлог за донесување закон за основање на државен универзиет е земен само уставниот основ за донесување на Закон, членот 46, а никаде не се повикува на Законот за високо образование кој е матичен и основен Закон кога се работи за основање, признавање, акредитација, евалуација и т.н. на институции, на образовни институции и установи, фактултети, виши школи и т.н. Таа работа не е случајно направена, бидејќи според членот 46 од Уставот всушност е член кој го регулира прашањето на автономијата, значи ја гарантира автонимијата, значи не е тој основ кој со овој член може да биде подлога, правна основа за формирање на државен универзитет, туку условите за основање и вршење и престанок на дејноста на Универзитетот се уредуваат со Закон.

Согласно членот 51 од Уставот на Република Македонија, законите мораат да бидат во согласност и со Уставот, а и со сите други прописи со Уставот и со законот.

И секој е должен да го почитува Уставот и законот, што значи дека таа обврска ја има и Владата на Република Македонија кога веќе се определила за да ни предложи Предлог-Закон за основање на државен унивезитет. Сега во Законот за високо образование покрај поимите за тоа што е високо образовна институција, што е универзиет, што е факултет и т.н., во членот 15 точно го дефинира значењето на Универзитет како највисока автономна високо образовна научна, односно уметничка установа во која се основани фактулети, осносно високи стручни школи со својство и без својство на правно лице, како и акредитирани научни установи кои вршат високо образовна дејност.

Членот 16 од истиот Закон го уредува прашањето на државните факултети кои се во состав на државен универзитет. Прво и основно овде што се поставува е тоа дека овие фактултети кои треба да бидат составен дел на новоформиран државен универзитет не се државни факултети и истите во подолг период како што обично овде милуваме да кажеме, работат диво, односно за нив не е водена согласно Законот за високо образование не е водена постапка за акредитација. Подоцна ќе се навратам на проблемот на акредитацијата, бидејќи тоа е важен чин во процесот на признавање на некоја институција која треба да носи наслов за високо образовна институција, установа, односно институт.

Во член 17 се образложени дејноста на Универзитетот и оттука ако го погледате Предлогот на Владата ќе видите дека во образложение кое е составен дел на Предлог-Законот не е објаснето за овој Универзитет согласно членот 17 не е објаснета дејноста на Универзитетот. Никаде во овој член 17 не постои никаква обврска за која основот меѓу другото за основање на Унизверзитет би било спроведување на Рамковен договор, или уште помалку подобрување на меѓуетничка толеранција или односи и т.н. Законот е многу дециден и Владата била должна согласно член от 17 од Законот за високо образование да ги легитимира сите дејности кои овој новоформиран Универзитет ќе ги има. Владата намерно тоа не го прави, сметајќи на итноста на седницата, сметајќи на површноста на поодделни активности кои околу оваа работа се одвиваат, слаб ангажман на матичната комисија, намерно не повикување на експерти кои ја познаваат обласста. Овде ни беа носени, и мислам дури и спротивно на Деловникот луѓе кои бранеа некакви проекти за телевизии, за едно за друго, за една ваква сериозна работа на ниедно ниво во рамките на активностите на Собранието едноставно не се дозволи експерти, стручни луѓе, членови на акредитациониот одбор, или пак на оваа Меѓу универзитетска конферанција и. т.н. да присуствуваат и да го кажат своето мислење, бидејќи

Законот е во три, четири члена, меѓутоа тој се темели на строго дефинирана докуметација кој овој Универзитет ја нема за да може да биде поднесен пред Собранието на Република Македонија. Значи, најмалку заради кое требаше да се послуша ставот на пратеничките групи од опозицијата е токму тоа Предлогот на Законот да биде дополнет со обврските со кои ќе се објасни и ќе се гарантира дејноста на Универзитетот кој се сака да се основа. И тука точно ќе се видеше слабоста, бидејќи државата води политика, а тоа значи и проекција на одредени кадри кои треба да ги лиферува за стопанството и луксуз е, не само како што рече ректорот, два универзитети, туку е луксуз и два факултети со иста програма да егзистираат. Впрочем ние имамве таков случај со Битолскиот универзитет кој во својот подем локалистички во почетокот ги имаше истите амбиции, па се множеа факултети, па се селеа истите професори од Скопје одеа таму, патуваа и држеа предавања и сето тоа беше една скапа забава која тогаш можеби и можеме да ја оправдаме со еднопартискиот систем, со заслепеноста на

некои проектанти и идеолози во образование што ги имавме. Но, се поставува прашање дали тие воскреснаа на оваа седница на Собранието и овде како зомби не држат по цели ноќи да разговараме без притоа да се обидат да не убедат во веродостојноста на нивниот предлог во издржаноста на нивниот предлог како би можеле врз основа на аргументи и демократска парламентарна расправа во нормални парламентарни услови, во нормална постапка во која секој граѓанин во Република Македонија ќе има можност да ги согледа разликите помеѓу ставовите на Владата, опозицијата, па и поединечно пратеник. Ако дојдеше Владата со предлогот на оваа седница Штуловиот универзитет да се претвори во државен, многу полесно, многу безболно, многу во рамките на Законот ќе се овозможеше таква постапка, а процесот на припојување, или надминување на она што во стварноста го имаме, а тоа е десет годишно егзистирање на институции кои се надвор од системот, ќе можеше по принципите на автономијата која ја стекнува една високо образовна установа да изврши со внатрешна евалуација да изврши согледување и акредитација на секој факултет кој ќе ги задоволи критериумите и условите да биде високо образовна институција. Владата била брзоплета, предлагачите имаат само политичка намера да формираат универзитет. Не е точно дека проектот кој овде го бараме сите пратеници не е составен дел на постапката за предлагање на државен универзитет. Ве потсетувам, согласно членот 33, државно високо образовна установа основа Собранието. Значи, Владата е само предлагач и само Собранието може во постапка пред телото за акредитација, пред одоборот за акредитација да

поднесе брање за мислење. Значи има битна повреда на постапката и во таа постапка треба да стои потписот на претседателот на Собранието.

Во членот 35 од Законот за високо образование строго се дефинирани прашањата, условите за основање на високо образовна установа. Дадени се општите услови за основање на факултет, односно висока стручна школа. Овие критериуми овде, затоа нас и ни се крие проектот, не ни се дава, бидејќи во него ќе видите за оние кои разбираат право, смешни ситуации. Со изјава заверена на нотар некој граѓанин од албанско етничко потекло, така се погодила работата, го отстапува својот стан за потребите, просторните потреби на Универзитетот. Повеќе од смешно е тоа, бидејќи таа изјава само кривично и материјално го товари тој што ја дал пред нотар. Но, тоа не значи дека тој факултет или таа високо образовна институција согласно Законот за високо образование го исполнила еден од условите да биде просторот. Тој стан, или таа парцела таму, тие смешни документи овде што ги видовме од еден проект кој кружи овде и кој нас ни се крие, а намерно ни се крие и тоа ќе биде еден од елементите да се цени капацитетот и на собранискoто раководство кога се работи за еден ваков значаен проект.

Не поаѓа од релевантни документи, таа парцела може да е под хипотека, може да е заложена, може да има друг наследник, може да се води постапка, може да е запишано забрана за располагање со недвижноста, може да е во туѓо владение. И, Владата си дозволува да го спушти нивото на државата и да не доведе во една ситуација со документчиња, со нерасчистени поими, да не доведе во заблуда. Ние см е сиромашна држава, ама не сме ние во умот сиромашни да не можеме ако решиме  да правиме универзитет, да направиме. Владата во минатиот состав чиј член бев јас, донесе Одлука за земјиште за градежни активности за урбанизација, се она што е нормално и што прилега кога се формира една таква значајнас институција, како што е универзитетот. Одете во Тетово и прошетајте меѓу оние згради на Штуловиот универзитет и ќе видите што значи да се урбанизира и да се постави хумано и да се постави функционално  еден универзитет. Ова, по приватни станови, по приватни визби, по некакви си парцели, кој никој не знае и не ги проверил во државата, навистина, е под дигнитетот на институциите , под нормалната потреба на Македонија ког анешто се прави, да се задоволат основните критериуми. Тука има и поранешни министри за градежништво, си молчат. Денеска шупа да правите, па ќе ви бараат многу документи и ќе бидете обврзани , ќе имате обврска и инспекција ќе ви дојде на увид, па ќе се цени дали на комшијата сте му отвориле прозори и т.н.  Ние, со ова го поттикнуваме директно незаконието не само

во образованието, во урбанизмот, во архитектурата, во стандардите, во ХТЗ заштитата. Никој овд ене може да докаже дали тие простории таму соодветствуваат на стандардите за ХРЗ заштита. Па, еве, и од струката на претседателот, дали тие се сеизмолошки изградени, дали може, недај Боже, ќе падне нешто и ќе утепа некого.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, погрешно, не сеизмолошки, туку сеизмички .

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Благодарам.

Забелешката се прифаќа. Значи, ништо не сте испитале, не сте отишле таму и не сте виделе каде е, а овдека молчите и сакате само врз основа на политички договор, заради одржување на коалициски договор на мнозинство во Владата да протуркате нешто што нема никаква основа.

Во членот 36 од Законот за високо образование односно членот 7 од изменит еи дополнувањата се вели дека: “универзитет ќе може да се основа ако согласно со условите утврдени во членот 35 од Законот, во својот состав има 5 акредитирани факултети и високо-стручни школи, од кои најмалку 3 се факултети”.Значи, законодавецот се определил за акртедитирани факултети или високо-стручни школи. Основниот услов за акредитација, правниот основ да бидете акредитиран е процесот на евалуација и второ, е решение согласно членот 42 од Законот за високо образование кое ви го издава надлежен одбор и само врз основа на тие акредитации можно е да се бара мислење од Одборот за акредитација за основање на универзитет. Значи, не можете вие само врз основа на постапката која предвидува да постои проект, согланso членот 35 за основање на високо -образовна институција, се мисли на факултетите, туку во постапката вие мора да обезбедите акредитација како би можеле да прејдете на чинот на основање на универзитет, бидејки тоа се две различни фази и две различни правни постапки, за кои овдека од Владата не чувме ништо.

Членот 5 во законот што го предлага Валдата е најголемата мамка, да не речам измама за оној број на запишани студенти на таканаречениот малоречански универзитет. Бидејки, овде е напишана одредба која е фактички неприменлива, а тоа е дека статусот на затекнатите студенти од универзитеот од Тетово основан како граѓанска иницијатива, ќе се решава согласно членот 198 од Законот за високо образование.

Дозволете ми да ви го прочитам членот 198, тој зборува за право на продолжување на образование. Членот гласи: “лицата кои согласно со закон ги исполнуваат условите за запишување на до дипломски студии, а посетувале настава до влегување на сила на овој закон надвор од јавни високо-образовни установи во различни форми на граѓански иницијативи во Република Македонија , можат , соглансо со одредбите на овој закон и Статутот на соодветната високо образовна установа, следното:

-да ги продолжат своите студии на прва година од тие студии на соодветните високо образовни установи;

-да побараат проверка на своите знаења и врз основа на покажаните резултати да запишат студии на соодветната година;

-врз основа на покажаните резултати од проверката на стекнатото знаење да ги остварат другите свои права.

Тоа се тие права кои произлегуваат, меѓутоа, има еден кондиционал во ставот 2: “правата од ставот 1 на овој член се остваруваат на соодветни високо образовниустанови, согласно со одредбите на овој закон и нивните акти за внатрешна еваулација, ова право може да се оствари по лично барање поднесено до соодветната високо образовна установа, најдоцна до 31 декември 2001 година”. Значи, членот 5 овде што е ставен во законот, иако не слушаат тие што треба да слушаат, воопшто не соодвествува , нема правен основ да се примени во постапката за легализација на студиите на оние кои се запишале на институции надвор од јавнит еобразовни институции. Членот 198 е само до 31 декември 2001 година.

Ние не сакаме да слушаме аргументи, ние сакаме да се напаѓаме, да создаваме , всушност, тензии во државата дека ако некои од политичките договори не успеат, тие ќе бидат , така да кажам, основа за меѓуетнички судири за нетолерантност и се она што носи еден недемократски амбиент. Но, недемократски амбиент носи, господа, точно тоа кога се поставуваат стручни прашања и кога се молчи и кога се нема став за нешто што е на дневен ред на ова Собрание.

Уште еднаш, во стилот на претседателот кога беше пратеник да повторам дека протестирам на начинот на кој се закажуваат овие седници, како се држат и колку долго трајат, контра продуктивни и за капацитетот, парламентарниот капацитет на ова Собрание и за дигнитетот на нас како личности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Шакири, реплика од три минути.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пратениктокој говореше до сега многу се повикувуаше на законите и на Уставот. Зоран Крстевски треба да си се замисли колку тој го почитувал Уставот околу дебатата за овој закон и колку пати се пријавил за оваа дебата, за ова точка од дневниот ред. Мислам дека има потреба и Зоран Крстевски и сите пратеници на опозицијата тоа да го направат да се замислат , барем поради нивните гласачи и сите граѓани на Република Македонија .

Се повикавте на Охридскиот договор. Охридскиот договор има посебно поглавје каде се говори за меѓуетничките односи и со овој закон се бара решавање на еден проблем, којшто датира веќе од пред 10 години. Овој проблем треба да го решат институциите на оваа држава, а вие самите сте оние кои не почитувате ниту демократски норми, ниту создавате во рамките на оваа највисока државна институција една анархија со вашите бројни излагања околу една дебата, која мислам дека е веќе смешна и пред јавноста и пред сите пратеници. Вие вршите насилство врз демократијата и вие сте оние кои го газите слободниот глас на граѓаните во оваа држава. Затоа , треба добро да се замислите без оптоварување , треба да ги оставите сите проблеми кои доаѓаат од минатото и да ја градиме иднината. Тие студенти во Тетово, не се во ничија милост, тие само бараат решавање на нивната судбина преку институциите. А, институција на оваа држава е Собранието и Владата. Затоа, кога се повикувате на Уставот , кога се повикувате на законите, вие самите треба да ги почитувате.

Ве молам, два три дена ве слушаме, внимавајте дека ние сме пратеници и ние не сме ништо повеќе, ниту помалку од вас. Треба да имате предвид дека секој пратеник , било од позицијата , било од опозицијата е еднаков пред оваа институција. Ова треба да го почитуваме, ова е начело засновано врз Уставот и врз законите на оваа земја. Доколку, продолжиме на овој начин, вие сте самите оние кои создавате анархија и ја сносите одговорноста од сите граѓани пред самите себе.

Багодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Крстевски една минута реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Па, вака сега, прво, ова не е да речам реплика , ова е еден демагошки истап.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, ова е реплика во однос на вашиот дигнитет што го спомнавте на Собранието.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Да. Значи, во принцип на оној кој не чита закони и којне ги познава уставните одредби му прилега ваква реакција , а на мене како пратеник не ми паѓа ни на памет да бидам кооперативен со некој кој ја затвори водата на Липковското езеро и остави еден град без вода , ние вака демократски со дискусија , со убедување член по член ќе ја држиме дебатата во Собранието и тоа е Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, заврши една минута.

Реплика на настапот на г-динот Крстевски, повелете три минути г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам, г-дине претседателе.

Господине Крстевски и денес и сите овие 5 дена во кои дебатираме за дневниот ред и за овие прашања се зборувате , а ништоне кажувате ново. најмалку зборувате за Предлог законто за оснвоање на државен универзитет во Тетово. И, секогаш се трудите да се оправдате и топката д аја однесете на погрешно поле. Наводно ова прашање е апсолвираносо основањето на Штуловито универзитет во Тетово, ви велам не., дека ова студентие им го рекле во тоа време кога го основавте приватниот универзитет во Тетово, значи Штуловиот универзитет, сега исто се понудија. Затоа, не зборувајте залудно за прашања кои им припаѓаат само на вас и не повикувајте се дека вие сте тие кои треба да го решите прашањето на младите албанци и нивното право за школување намајчин јазик. Најмалку вие имате право да зборувате за ова. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Крстевски една минута реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Повторувам јас по текстот на законот дискутирав и токму нека го погледне пратеникот членот 5 од Законот и нека дојде до мене ако не се потрудил Законот за високо образование да го има, да го види со свои очи дека тоа не е основ да се признаат студиите на тудентите кои во изминатиот период студирале. Тоа треба да го знае, тоа е правна работа. Јас во првата дискусија реков дека јас не се борам за тоа . Јас разговарам за тоа дека граѓаните даваат пари и сите ќе кажеме какво образованеи треба и за албанците и за македонците, турците, власите, за сите. Нема зошто еден да зборува само восвое име.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Рафис Алити има реплика , повелете три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Еве неколку дена по ред ја слушаме опозицијата и за цело време никој од пратениците од опозицијата не го оспори високото образование на албански јазик. Напротив , се доби впечаток дека навистина во минатото повеќе интерес за школувањето на албанците на нивен мајчин јазик имала макеоднската опозиција која денес е овде присутна. Така што, во текто на овие денови само што некој не плачеше или би рекол не пролеа крокодислки солзи за тоа колку се заентересирани за студентите на тетовскито универзитет, а посебно за Југоисточниот унвиерзитет во Тетово.

Ние најдобро знаеме кое е решенеито. Треба д аимате предвид дека поминаа времињата кога можевте да им продавате магла на албанците како што сте сакале вие тоа да го направите. Така, поминаа времињата кога игравте пин-понг со албанските интереси. И, доколку навистина сте заинтересирани да го решите проблемто на школувањето, на високото школување на албански јазик, ние ви нудиме конкретен проект, а тоа е тетовскиот универзитет.

Вие, господа, заедно со албанските партии во минатото не ги решивте овие проблеми, но напротив решивте со методи за да ги покриете проблемите и да ги оставите нерешени. Пробелмите кога остануваат нерешени, завршуваат вака на овој начин и некој доаѓа по вас и ги открива тие проблеми, затоа што реално треба да се решат. Додека пратениците сит еовие денови самошто не зборуваа и за облеката на студентите, какви патики, какви униформи треба да носат и т.н.Има стручњаци во

Владата кои знаат да ги конвертираат овие закони и врз основа на Законите и Уставот е предложен овој Предлог закон за официјализацијата на тетовскиот универзитет. Ви благодарам.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Крокодилски солзи леат сега некои други што сакаат да се додворат на изгубеното гласачко тело. Дека оваа држава водела сметка во период од минатите 4 години е токму доказ Штуловиот универзитет. И дека е тој фактор на интеграција докажува што таму се запишуваат од сите етнички заедници, и македонци и албанци и турци. И во кадровскиот состав е така. Така да не не засега ова. Ние пак велиме друго ќе беше да се легализираше како државен универзитет Штуловиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Невзат Бејта, а нека се подготви господинот Гзим Острени.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитуван министер почитувани колеги пратеници,

Јас имав еден говор околу универзитетите, но сега треба да направам едно дополнение бидејќи расправата околу Предлог законот за основањето на тетовскиот универзитет како државен универзитет подобро да се рече официјализација на тетовскиот универзитет ќе трае толку долго не верував. Но сега почнуваат многу работи и народот ова го гледа и албанскиот народ знае да оценува. Мојот народ, почитуван народ не знаел дека во нашава држава има една политичка партија ВМРО-ДПМНЕ која има една непредвидена омраза врз албанското образование.

Се споменува Охридскиот договор. Охридскиот договор ја донесе промената на Уставот. Вие многу пати ги споменувате Уставот и законите. Уставот се измени со Охридскиот договор и вие овде во највисокиот законодавен дом вршите измена на Уставот. Со измената на Уставот албанците не побараа ниту повеќе ниту помалку, но да бидат рамноправни.

Денес ние зборуваме за универзитетот. Денес ние зборуваме за основањето на државниот универзитет, а некој без никаков срам зборува против самиот себе си. Јас не знам почитувани колеги каква ви е состојбата, дали имате високо образование или немате, но доколку имате високо образование немаше да не малтретирате нас и нашите граѓани дека знаете што е универзитет. Универзитетот не носи ништо лошо. Универзитетот носи добри работи. Значи кога едно дете оди на универзитет тој учи општо за знаење. Го отвора хоризонтот на неговото знаење. Се воздигнува на културен начин. И јас често пати самиот себе си си поставувам

прашање дека колегите од македонскиот политички блок на ВМРО-ДПМНЕ дали знае што е култура. Јас гарантирам дека вие не знаете што е култура. Гарантирам дека не знаете. Доколку знаете немаше да не малтретирате 6 дена и 2 дена по 24 часа.

Ние албанците сме изнапатен народ. Ние можеме да седиме не 24 часа туку можеме да седиме и 480 часа. Сега ќе зборувам за културата.

Знаете ли што значи да бидеш културен, да го знаеш минатото на другиот народ. Да го знаеш историското минато на самиот себе си. Да имаш општи сознанија, познавања од разни области почнувајќи од вашата вера. Ако вие немате елементарни сознанија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Држете се до темата г. Бејта.

Ве молам да се обезбеди превод.

(Во меѓувреме се прекина преводот од албански на македонски и говорникот зборуваше само албански).

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе,

Јас зборувам за универзитетот, а сето ова што го зборувам е тесно поврзано со универзитетот, можеби преводот не ви доаѓа како што треба, а зборот ми е кај културата.

Основата на културата реков дека е верата. Да немаш елементарно познавање за својата вера, за уметноста, музиката, историјата, математиката, астрономијата, медицина, тоа е голема штета. Ако малку знаеш за верата нема да ги малтретираш граѓаните. Граѓаните не ги малтретира околу донесувањето на законот. Стави го на уво.

Значи околу донесувањето на Законот за високо образование - основањето на државниот универзитет, официјализацијата на тетовскиот универзитет. Овие работи се поврзани, затоа не брзајте. Доколку не дојдеше на дневен ред Предлог законот за основањето на државнот универзитет во Тетово ние немаше да ги откриеме пратениците од македонскиот блок дека имаат толку голема омраза. Значи дека ВМРО-ДПМНЕ има толку голема омраза врз албанците. Ве следев со внимание. Со големо внимание ве следев и со едно задоволство ве следев. Се чудев од неколку пратеници за кои мислев како интелектуалци. Се чудев од актуелниот лидер, се

вчудовидев од неколку лекари кои велат дека работат на клиника, да не даде Господ да падне некој албанец на нивни раце. Којзнае што би им направил. Тие може да лекуваат некој албанец кој е без школо, но ако падне да лекуваат некој албанец интелектуалец ќе го масакрираат...

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, Љупчо Балковски, Ганка Самоилова Цветановска и други што се во салата).

... еве дојде Предлог законот ...

(И понатаму реакција на пратениците од ВМРО, а господинот Бејта продолжува да зборува албански).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господа, господа, господа, смирете се малку.

Се извинувам само малку да објаснам.

(Господинот Бејта на говорница се врти кон претседателот и му зборува албански).

Господине Бејта ќе ви дадам збор само да објаснам.

Се извинувам, се извинувам, се извинувам, седите, седите, седите, ве молам. Седите да објаснам.

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ станати во пратеничките клупи реагираат)

Седите, да објаснам некои работи.

Вие мора да бидете парламентарни, толерантни. Три дена зборувате ...

(Ганка Самоилова Цветановска - каква е оваа закана, прашајте го Талат Џафери чиј пациент е).

Никакви закани, ваши интерпретации се тоа. Три дена зборувате ...

(И понатаму пратениците на ВМРО-ДПМНЕ реагираат, а пратеникот Невзат Бејта зборува албански на говорница без превод).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам, ве молам.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Не викајте, не се плашиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам, седете доле. Седете на вашето место, затоа што не сте парламентарни.

Земете си ги вашите стенограми ќе прочитате што вие кажавте за СДСМ, за ДУИ и за сите други.

(Пратеникот Бејта зборува албански без превод, а покрај пратениците од ВМРО-ДПМНЕ почнаа да реагираат и пратениците од Либералната партија)

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Јас го потврдувам тоа што го кажав дека немате култура. Шест дена ве слушав вас и не правев вака како што правите вие.

(И понатаму реакција на пратениците)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не кажа така, не кажа така.

Ајде ве молам продолжете и бидете внимателен ве мола.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Сите пратеници на македонската опозоција ВМРО-ДПМНЕ без никаков срам, го запиша, ако грешам ќе го поправиме, само не станувајте на нога. Цело време спомнува дивиот тетовски универзитет. Ова е вистина, цело време. Албанската македонска јавност ова го слушна добро. Каде има див универзитгет. Универзитет знаете ли што значи тоа? Див универзитет. Доколку вие тетовскиот универзитет го нарекувате див универзитет што сте вие кои што сте завршиле факултет. Сте ги завршиле во универзитети. Тоа значи дека сте дивјаци, не испаѓа друго...

(Реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта ова веќе превртува. Ве молам ќе ви го земам зборот затоа што веќе лични навреди паѓаат.

(Реакција скоро на сите пратеници од опозицијата).

Уште еднаш ако се повтори ќе ви го земам зборот. Уште еднаш ако се повтори ќе ви го земам зборот господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Вие сте тие што рековте див универзитет.

Денес вие со Предлог законот кој го имаме на дневен ред за основање на државниот универзитет правите уште еден експеримент многу интересен. Јас ќе го споредам овој експеримент со периодот на Адолф Хитлер. Адолф Хитлер со евреите правеше експеримент на сред јануари голи ги вадел надвор...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта, ве молам никакви споредби со такви ... ве молам господине Бејта, инаку ќе дадам пауза.

Ве молам, ве молам, инаку пауза ќе дадам.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Цело време не малтретирате со одредена цел. Да се измалтретираат пратениците на заедничката коалиција. Да се малтретира Владата која има посебен придонес заедно со почитуваниот министер. Шест дена се малтретира министерот. Доколку вие сте за доброто на оваа држава и овој народ тогаш немаше да држите толк долги реферати еден по друг.

Албанците, внимавајте се најстариот и најкултурниот народ. Ќе земам два примери. Осветувањето на Мајка Тереза Гонџа Бојаџиу, таа е албанка, нобеловецот Ферит Мурат, тој е албанец, а ние знаеме низ нецивилизиран народ, знаеме дека имате многу маски, меѓутоа наша задача е полека да ви ги тргнеме сите маски и да ве направиме луѓе. Да ставиме крај на оваа работа...

(Реакција на пратениците)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта, ајде ве молам. Ве молам, ве молам господине Бејта.

(Многу поостра реакција на пратениците Љупчо Балковски, Ганка Самоилова Цветановска и Љубе Бошковски.

Пратеникот Љупчо Балковски бара од претседателот да даде пауза.

Пратеникот Невзат Бејта зборува албански без превод.

Госпоѓата Ганка излезе дури пред масата на претседателот барајќи да му го одземе зборот).

Седете ве молам на место.

Објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 12,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,20 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со расправата.

Има збор господинот Гзим Острени, а нека се подготви господинот Драго Шајноски.

Пред тоа, процедурално има збор господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, драги пријатели, ако сме сеуште тоа,

Господине претседателе, барам да се симне стенограмот од претходната дискусија за да можеме во мир да ја прочитаме и во мир да одговориме и да ја спуштиме топката. Меѓутоа, мислам дека во ова Собрание пред некој ден, на еден многу поситен, почовечки инцидент најдовме сила да го осудиме, најдовме механизам со кој на цивилизиран начин ќе го остраниме. Наместо тоа да ни се случува, нам ни ескалираат ситуациите во кои доаѓа до немили сцени.

Барам, господине Бејта да се извините.

Јас, иако не ја навредив колешката од СДСМ, кога ја почнав мојата дискусија, бидејќи како човек чувствував дека на друг човек му беше нанесена неправда, се извинив.

Барам од вас да се извините на целата лекарска фела, македонци, албанци, на сите луѓе кои ја дале Хипократовата заклетва, за кои рековте дека се во состојба, само заради тоа што вие претпоставувате дека тие би можеле да пизмат некој народ дека врз него ќе вршат масакр. Ако грешам, говорницата е тука, повелете, исправете ме.

Сакам потоа да се извините на македонскиот народ, да ни се извините нам, бидејќи господине Бејта овој нецивилизиран дивјак ви го даде Рамковниот договор, со кој постигнавме мир и со кој можам јас од овде да ве гледам вас мирно, да ви се обратам мирно и да побарам од вас нашите аргументи и разлики да ги решаваме со зборови.

Јас господине Бејта ја имав силата и ова ВМРО-ДПМНЕ и неговиот лидер да не ја кренеме до крај пушката, да покажеме дека сме навистина цивилизирани, дека му припаѓаме на еден стар народ. На еден народ кој бил

источник на културата, од каде што Христијанското евангелие тргнало и стасало до Москва, господине Бејта.

Господине Бејта, фактот што ние не разговараме преку нишан е наша заслуга. Вие знаете дека за конфликт, за војна, за геноцид, за масакр треба двајца. Во конфликтот во 2001 година ние решивме да не бидеме вториот. Го прифативме начинот на кој ни се обраќавте со пушката, со нишанот, со гушењето на градови, со затворањето на вода. И вие сега овде, на оваа говорница доаѓате да ни кажете нам кои политички дебатираме за тоа дека на албанскиот народ му е потребно високо образование од кое ние ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа три минути господине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Не, господине претседателе, ова не е реплика, ова е процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, три минути процедурално.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Тогаш барам повторно да ми дадете процедурално збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути процедурално.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине Бејта, дојдете да се извините овде. Немојте да барате заштита во процедурата, во деловниците. Вие нанесовте навреда на народ кој ви даде мир, ви го свртe другиот образ, а вие не нарекувате геноцидални.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чашуле ..

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседателе, на вас терет ќе падне.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го прифаќам теретот, јас работам по Деловникот, три минути процедурално.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

(Оддалечувајќи се од говорницата)

Барам пауза, претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Координаторот може да побара пауза.

Господине Бејта, повелете.

(Реакција од пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова со зборовите: "процедурално барам збор, ова не е реплика")

Господинот Бејта беше повикан и господинот Бејта добива збор. Можеби сака да се извини човекот, зошто да не му дадеме можност.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Сакам да ме слушате со внимание, затоа што јас шест дена ве рслушам внимателно по 24 часа и зборовите кои вие ги кажавте во однос на мојот народ и за нас се многу навредувачки. Меѓутоа, ние сме издигнат народ, цивилизиран, и никогаш не станавме на нозе за да викаме против некој пратеник на македонската опозиција ВМРО-ДПМНЕ.

Јас ќе спомнам што кажавте: Див универзитет, терористи, неписмени студенти, неписмени професори, гасни комори. А јас имам посебна почит за народот на кој му припаѓам. Имам посебна почит и за македонскиот народ. Исто така, имам голема почит и во однос на голем дел од припадниците на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои претерано со нивните навреди кога е на дневен ред проект законот за основање на државен универзитет и доколку мислите дека јас сум го навредил македонскиот народ, јавно кажувам дека се извинувам. Меѓутоа, не е дел од мојата култура да навредувам. Јас ја кажувам само вистината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам прекин на седницата.

Седницата се презакажува за 15,оо часот.

(Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ го потсетуваа претседателот на Собранието на Република Македонија за стенографските белешки, на што тој одговори: “Да, реков.”)

(Седницата прекина со работа во 12,30 часот)

(Седницата продолжи во 15,10 часот)

Почитувани пратеници, продолжуваме со претресот.

Повелете господине Оровчанец, процедурално три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе,

Би сакал да се осврнам во процедурата на неколку наврати на притисок, дезинформации и се она што се случува во ова Собрание, што сметам дека не треба ни да го слушаме.

Конкретно се работи за она што го искажа пратеникот Бејта и ќе цитирам дел од стенограмот:

“Се чудев од актуелниот лидер, се вчудовидев од неколку лекари кои велат дека работат на клиника, да не даде Господ да падне некој албанец на нивни раце. Којзнае што би им направил. Тие може да лекуваат некој албанец кој е без школо, но ако падне да лекуваат некој албанец интелектуалец ќе го масакрираат...”

Господине Бејта, јас имам 50 години, никогаш не сум бил националист, секогаш сум ја извршувал мојата лекарска пракса според моите квалитети најсовесно. За тоа можете да го прашате вашиот електорат.

Јас имам порака до нив, секогаш како и порано можат во секое време да ја побараат помошта која им е потребна и таа ќе биде максимална, совесно и квалитетно направена, како што било и досега. Не можете од мене да направите националист, кога никогаш и не сум бил. Не можете од мене да направите човек кој масакрира, кога сум помогнал на илјадници албанци, за кои можете сами да се уверите ако се прошетате меѓу вашиот електорат. Дали ние лекарите од ВМРО-ДПМНЕ сме такви какви што сакате да кажете, прашајте го и господинот Талат Џафери, кој е и личен пациент на господинот Кедев.

И да не зборувам повеќе во овој правец, затоа што од мене не можете да извлечете ни трунка национализам. Национализмот го демонстриравте вие и продолжувате со националистички провокации. На вакви провокации не може да се одговори поинаку, освен со игнорирање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, има збор господинот Талат Џафери, три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине претседателоте, почитувани колеги,

За волја на вистината, на господинот Оровчанец сакам да му кажам дека јас никогаш не сум бил пациент на господинот Кедев и за среќа до сега не сум имал потреба од лекарска помош. Вистина е дека пациент од моето село, од моето населено место е пациент на господинот Кедев, меѓутоа, заради вистината, јас не сум пациент. Да се има предвид тој момент.

Што се однесува за другото, сето ова време што ние сме работеле тука, можеби и вашите реакции кои не беа потребни во моментот, во однос на дискусијата на Невзат, придонесоа да бидеме сведоци на тоа што се случи. Но, мислам дека и Невзат јавно се извини за тоа и мислам дека тоа прашање треба да се затвори, за да продолжиме со работата таму каде што застанавме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, има збор господинот Слободан Даневски, повелете три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе,

Јас сакам да ви укажам на вас за сленото. Како пратеник сум со долгогодишно искуство. Ова ви го кажувам најдобронамерно. Ова што се случува е невидена работа со овие сеанси. Ги направивме пратениците зомби, без разлика како вие го имате договорено целиот натпревар, оваа шема да се заврши.

Морам да укажам тука дека носите одговорност за тоа што не го прекинавте господинот Бејта, затоа што во неговиот говор рече - еве, ќе цитирам, за да не испадне импровизација. Ги навреди сите студенти и професори на Универзитетот во Скопје и во Битола, ги нарече “диви дивјаци”. Мислам дека тоа е недозволено, но не го прекинавте.

Друг момент: не го прекинавте кога зборуваше дека овој експеримент што се прави во моментот е тоа што го правел Хитлер на Евреите. Ќе ви прочитам

цитат ако сакате, не измислувам, па оваа реакција беше во тој контекст. Вие требаше да го прекинете.

Дали мене ми земавте збор седум пати, дали ние разговаравме на темата или надвор од темата, ова е невидена работа да се навредува една цела популација, еден цел народ.

Денес се срамиме ние од вас колегите од СДСМ. Срамно беше денес да биде во салата македонец и кога зборуваме на говорницата дека ќе ни се случуваат вакви работи, и ќе ни се случуваат. Денес беше понижување. Која е таа власт? Која е цената на власта? Кои се тие? Што треба да направиме ние? Тотално газење на македонскиот народ. На кого ќе партиципирате власт? На кого? Што е цената на власта?

Денес Македонија се срами, денес е погазен целиот македонски народ. Македонците се наречени “фашисти”, а целата оваа фела, почнувајќи од вас како професор, сите студенти, сите универзитетски професори дека се “диви дивјаци”. Ова е недозволено. Ова е навредување на македонскиот народ.

Се поставува прашањето што би било кога ние би биле 20% обратно со албанците. Знаете што ќе биде тогаш? Да не претпоставуваме. Мислам дека ова е нон сенс, а не смеат македонците да зборуваат во сопствената држава за својот народ, за своите права. Ние дојдовме, мнозински народ, да се бориме за нашите права. Тоа ли е демократијата? Кого штитите вие? Која власт? Ќе го плашите народот, ќе го затворате? Затворете не сите, нема да не плашите. И не се плашиме од никого.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Гзим Острени, а нека се подготви господинот Јани Макрадули.

За реплика на говорот на Бејта се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Репликата ја давам согласно член 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, иако сметам дека ќе се повторам со господинот Даневски дека господинот Бејта требаше да го предупредите во неговиот говор, кој ескалира еден начин на говор со кој изрази огромно обвинување и омраза кон ВМРО-ДПМНЕ и македонскиот народ. Имено, ова не се однесува на господинот Бејта - незнам ни

дали да го наречеме господин после сите овие обвинувања кои ги упати спрема ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа, оваа моја реплика е упатена кон граѓаните на Република Македонија, кон македонската јавност и кон македонскиот народ.

Би сакал јасно и гласно да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ нема омраза спрема албанците. Ако господинот Бејта е вознемирен што не се донесува овој закон, ако тој сеуште живее со минатото, сметам дека тоа треба да го надмине и ние како ВМРО-ДПМНЕ со многу аргументи и на дело сме покажале дека не сме против албанците. Сметам дека нашите аргументи кои тука ги искажуваме дека сме против донесувањето на овој закон, со кој се основа државен универзитет во Тетово, во никој случај не може како аргумент да биде само дека ВМРО-ДПМНЕ ги мрази албанците. Тоа е еден најнизок и најподмолен начин на аргументи, со кој практично се намеа аргументи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе,

Должна сум да го пренесам протестот на повеќе граѓани кои се јавија и кои - уште еднаш ќе кажам - протестираат против МРТВ која што не им овозможила изворно да се информираат што се случува во парламентот. Тоа било спречено со коментарот на новинарот Зоран Трајчевски, како што кажаа и бараа МРТВ во иднина да им овозможи на сите граѓани на Република Македонија изворно да слушаат што се случува во македонскиот Парламент и да се прекине со таквата пракса и таквиот начин на цензура на информирање на граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Дојчиноски, процедурално повелете.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Се јавувам во процедура, заради мојата загриженост за нарушеното достоинство мое, ваше, на овој дом. Не случајно го велам ова.

Денес се враќа од мојата изборна единица, попладнево, и знаете што ми рекоа граѓаните? Обратно на ова што го кажа госпоѓата Бонева: Оставете не да работиме, немојте да ни правите циркус. За мене тоа беше голема порака. Голема

порака, заради тоа што сега си правам ретровизија на сето ова што се случи овие шест дена.

Јас немам ништо против некој да не се согласува со предложениот текст. Меѓутоа, не можам да разберам кој е капацитетот на пратеничката група или групи од опозицијата, дали тие навистина имаат капацитет да мораат шест пати, 10 пати, некои и 20 пати да ги повторам своите мисли, или не се во состојба да ги дозавршат, или не се во состојба да би концентрираат, или од друга страна сметаат дека народот не ни чини, па треба шест пати, 10 пати да му раскажуваат една работа, која што папагалски делува.

Немојте да дозволиме ние да се доведуваме во таква ситуација, уште повеќе да не дозволиме народот да го доведеме во таа ситуација. Не ни дал мандат да се изживуваме како што ние сакаме.

И дозволете, таа порака уште еднаш да ви ја пренесам: да не правиме циркус од ова.

(Пратеничката Силвана Бонева бара реплика)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не може да има реплика на процедурално.

Процедурално, има збор госпоѓа Ганка Самоиловска - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Преку преносот на седниците на националната телевизија, МРТВ, директните седници и работата на Парламентот ниту еден граѓанин не е попречен во извршувањето на неговите редовни обврски, професионални и домашни. Оној кој што сака да ги гледа седниците може да ги гледа. Оној кој што смета дека нема потреба и не го интересираат, нема потреба да ги следи.

Наша обврска и должност, како пратеници кои го добиле мандатот од граѓаните, е да ги претставиме нашите видувања, на начин на кој сметаме дека треба тоа да го прикажеме. Ниту еден граѓанин во државата не е присилен со сила да ги следи телевизиските преноси на овие пратеници и затоа сметам дека работата на пратеницит никого не го попречува при извршувањето на неговите професионални и домашни обврски. А ова што ние го правиме е наша професионална обврска и задача.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Мора, почитуван претседателе, да кажам дека колегата не може да се постави во улога на портпарол на македонскиот народ. Право е на сите граѓани во едно демократско општество без цензура да бидат информирани за случувањата во Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Најпрво сакам да му дадам одговор на претходниот дискутант, кој процедурално се изјасни ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, процедурално, немојте одговор да давате.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Процедурално зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ајде да се договориме нешто. Да ги почитуваме правилата, Процедурално значи дали процедурата е прекршена. Не сакаме реплики на процедури.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не давам реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално објаснете што е погрешно во процедурата што е водена до сега.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакав да кажам во контекст на она што беше кажано, не сакав да давам реплика на некого, меѓутоа сакам да кажам, ако се сеќаваме сите ние, прекин на седницата имаше во 06,оо часот утрово. Од 06,оо часот до 11,оо часот кога отпочна продолжението на оваа седница, пратеникот ниту можел да преспие, а камоли да има некои средби со граѓаните, што значи дека сето она што се кажува претставува само циркус кој што се прави со предлагањето на овој предлог закон, кој што е предложен навистина без никакви аргументи иако пратеникот не сака да правиме циркус, тогаш треба да биде повлечен овој закон и навистина во една редовна процедура да се донесе како што доликува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, господине Блаже Стојановски.

Еве, ве молам, ве молам да продолжиме со расправа. Еве, јас нема да го правам тоа што вие го викате и ви дозволувам и кога не е процедурално да се изјасниме, за да се дообјасниме. Сега мислам дека се дообјаснивме.

Повелете господине Гзим Острени, имате збор, а нека се подготви господинот Јани Макрадули.

ГЗИМ ОСТРЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дами и господа,

Пред да почнамсо мојата дискусија, должам да дадам едно објаснување.

Демократската унија за интеграција ценејќи дека беше разјаснето се што треба во врска со Законот за универзитетот, во врска со времето и средствата кои се трошат, зазема став, на седницата на Собранието во петок, во понеделник и во вторник да не дискутира. Меѓутоа, бидејќи работата во Собранието доби друг правец и тоа во правец на трошење на време, на начин кој не е рационален, и што даде лош белег во јавноста, ДУИ чувствува потреба да учествува активно во понатамошната работа и тоа парламентарната група и ќе го прави.

Според универзалната декларација за правата и слободите на човекот, секој човек има право на образование кое ќе биде бесплатно. Така што основното образование кое е задолжително, средното образование да биде општо и влегувањето во високи студии треба да биде отворено односно тука треаб да бидеме рамноправни сите, засновајќи се врз лични заслуги.

Според оваа декларација образованието треба да тежнее кон потполно расцветување на личноста и засилување на почитта за правата на човекот и основните слободи. Тој треба да фаворизира разбирање, толерантност и пријателство меѓу сите народи и сите раси и верски групи. Во тој правец на родителите, на децата на приоритетен начин да одберат начин за образование на нивните деца нешто што во Македонија претендираме да го направиме можно и за албанците и за другите.

Албанците во Македонија, како што се знае, ја сочинуваат втората по големина етничка заедница во Македонија и добро е дискриминацијата во бразованието од ден на ден да се отстранува, зошто зборува и обидот на овој Парламент денес дејствувајќи во правец на изнаоѓање на решение кое ќе биде подобро за образованието на албанците во РМ со што ќе се направи еден силен чекор во понатамошна демократизација на земјата, не само во почитување на слободите и правата на човекот, туку иво правец на менаџирање во областа на подготовка и развој на анатомско-физиолошките одредби за искористување на интелектуалните ресурси на граѓаните на соодветен начин.

После основното образование треба да има универзитетско образование. Ова не е привилегија туку е обврска. Ние не треба да се позиционираме на тој начин, да увезуваме знаења, туку тоа треба да го култивираме тука на нашата почва и со наш материјал. Ова знаење како право треба да им припаѓа на сите граѓани.

Кога на граѓаните им се одземаат материјалните добра или се во опасност од временски неприлики, тогаш цел свет станува на нозе за да им се помогне така како што беше со земјотресот во Скопје, затоа што тоа беше катастрофа и имаше потреба од хуманитарна помош. Чудно е што тоа не се случува вака и кога се случува една интелектуална катастрофа која се изразува со конзервивање на мозокот прекинувајќи го патот на нормалниот развој, нешто што предизвикува многу тешки последици, човечки последици и општествени последици.

Во претсколшкиот систем се опфаќаат 5700 деца од претшколска возраст кои се поделени во 206 групи, или 36,44% и за овие групи се ангажирани 206 албанци, воспитувачи, или 5,39%.

Во основните училишта од прво до осмо одделение има 76.352 ученика, каде моментално се ангажирани 3.619 наставници од кои 500 или 13,82% се неквалификувани со средно образование, последица од досегашниот недостаток во образованието. Ако во основното школување се опфаќаат и 1,8% од учениците кои досега не биле опфатени, тогаш бројот на наставниците треба да се зголеми и за

160 други наставници. Осмо одделение на пример, минатата година го завршија 8990 ученици, додка од нив во средно образование се запишани само 5505 или 61,23% и останале незапишани 3485 ученика или 38,80%.

Воспитно-образовните процеси во Република Македонија се развиваат во 90 средни училишта од кои во 67 училишта насавата се развива само на македонски јазик, во 22 училишта на македонски јазик, албански и турски јазик, додека само во едно училиште наставата се развива на албански јазик. Во сите овие училишта моментално се вработени 5467 наставници, од кои само 856 или 15,65% се албанци. Ако во средните  училишта се запишат уште 3485 ученици кои што останале надвор од школските клупи бројот на наставниците албанци треба да се зголеми за уште 143 наставници. Неопфаќајќи ги тука и кадровските недостатоци кои што се појавуваат со пензионирање на наставниците. Во високо образование македонцие имаат два универзитети со 29  факултети. 25 факултети во Универзиетот во Скопје и 4 факултети во Универзитетот во Битола. Таму наставата се развива само на македонски јазик. Само вака тезата за албански јазик во Филолошкиот факултет две паралелки со студенти албанци во Педагошкиот униврзитет наставата се одржува и на албански и на македонски. Во Универзитетот во Скопје има над 27.000 студенти македонци запишани од прва година до крај, и од нив само 441 или 6,6% се студенти албанци во прва година на студии. Додека во Универзитетот во Битола, има над 6.000 студенти македонци запишани и само 47 студенти албанци во сите години.

Двата македонски универзитети за секоја школска година запишуваат од 7.000 до 10.000 студенти млади македонци, и само 300 или 500 студенти албанци. Додека повеќето од нив се запишуваат со партиципација од 2000 до 3000 германски марки, или 1000 до 1500 евра. Од 1948 година досега дипломирале на овие два универзитети над 120000 додека во школите за високо образование над 129000 студенти македонци. За студентите албанци кои што дипломирале на овие институции македонските универзитетски  статистики не даваат податоци со цел да не се види многу малиот број или нешто слично, кој што број не е поголем од 1000. Додека во Универзитетот во Скопје за 50 години дипломирале само 435 студенти албанци и во овие цифри не влегуваат само студентите албанци од Македонија туку и тие од Косово до основањето на Универзитетот во Приштина во 1970 година. Во двата македонски универзитети работата околу 3000 кадри наставници македонци и само пед то шест кадри албанци надвор од педагошки факултет и тоа како асистенти. Од 19 факултети на Универзитетот во Скопје  во два независни научни институти се организирани и постдипломски студии за магистрирање и

специјализација, само во академската година 1995,1996 година, се запишани во Универзитетот во Скопје се на се 827 кандидати од кои 375 на магистратура и 452 на специјалистички студии. Досега во Универзитетот во Скопје постдипломските студии ги имаат запишано 11.142 студенти, додека магистрирале над 4200. Додека докторирале над 1300 кандидати македонци. Универзитетот во Скопје редовно ги оневозможувал албанските студенти д се запишуваат на трет степен на студии и од оваа причина тие биле принудени да ги продолжат студиите во универзитетските студии да магистрираат или докторираат надвор од Скопје, воглавном во Приштина и во други универзитетски центри на републиките од поранешна Југославија како и од цел свет.

Денес во Македонија има над 400 кадри албанци со звање магистра или доктор на науки, како и еден голем број на постдипломци кои ги продолжуваат постдипломските студии во разни центри во светот.

Покрај факултетите и високите школи во Македонија дејствуваат над десет независни научни институти за студирање на јазикот, фолклорот и на македонската историја, и ниту еден за албанската традиција. Во овие институции работат тројца, експерти албанци, додека сите други кадри, стручни професионални се македонци. Потоа многу кредити, стипендии и друга финансиска помош, опфаќајќи ги тука и странските стипендии за студирање и специјализирање надвор од Македонија не ги искористуваат албанците.

МАНУ досега признала само еден член албанец, иако имало и има многу интелектуалци албанци во Македонија кои го заслужуваат тоа звање.

Денес во Македонија има над 215 разни организации на културата, уметноста и информирањето каде работат над 6100 работници од разни професии, културни, уметнички и информативни, скоро сите овие организации се посветуваат на културата, уметноста и на македонското информирање. Меѓутоа, исто така и вработените таму се сите, речиси сите македонци.Во Македонијан има 14 стручни преофесионални театри од кои 13 се македонски и само еден е мешан, албанско турски и поделено на две драми, албанска и турска драма.Овие театри, институции, факултети, високи школи и универзитети се отвориле во југоисточниот дел на Македонја каде што живеат воглавном македонци, додека западниот дел на Македонија, каде што воглавном живеат албанци, каде населението е поголемо, значи бројчано и каде потребата од подигање на културно образовното ниво е неопходно, недостасуваат стручните театри и институциите на високо образование, со исклучок на Југоисточниот универзитет.

Со распадот на поранешната југословенска федерација и создавањето на независна држава, на Македонија од разни причини како политички така и економски, стана невозможно високото образование на албанската младина надвор од границите на Македонија од каде што порано се создаваа албански кадри. Основањето на тетовскиот универзитет, потполно го оправдува ова право на албанците за високо образование на албански јазик во нивната држава и со оглед на големата потреба која ја имаат за создвање на кадри за основните училишта и средните училишта како и за задоволување на потребите во другите области на албанската инфраструктура која ги остави многу назад поранешниот комунистички систем на Македонија, како македонците така и албанците треба да ги уживаат нивните граѓански и национални права во рамките на македонската држава, опфаќајќи го тука и правото за образование, и тоа за образование на сопствен мајчин јазик на сите нивоа на образованието од основното до универзитетското. Како што се гледа се чувствува голем недостаток на професионален кадар. Дел од овој кадар се неквалификувани а другиот дел е застарен, така да тие многу брзо ќе се пензионираат. Доколку не се направи нешто ургентно во оваа насока, ќе дојде до затварање на албанските училишта што не би било од интерес на албанците, ниту пак на македонците, ниту на целиот прогресивен свет.

На крајот на мојата дискусија наместо да објаснувам, ќе направам едно обично прашање. Каде ќе се подготвуваат кадрите за средно образование за албанските училишта, кој ќе работи на образованието на албанците во иднина.Одговорот е многу јасен, професори и наставници македонци или пак оние македонскиот им е свој јазик, и албанци кои се образовани во институции чии програми се посветени на македонските училишта. Значи, доколку се продолжи на овој начин во перспектива би се продолжило со еден потполн, полна дискриминација на образованието на албанците. Во оваа насока треба да се истакне, дека дури и да беше возможно, високото образование на албанците на македонски јазик, наствниците кои би биле подготвени на овој начин би биле хендикепирани како во употребата на книжевниот албански и научниот албански јазик, така и нивните познавања би биле плитки, поради непознавањето на историјата, уметноста и националната култура, затоа што ќе ја познаваат само македонската култура. Тоа би биле хендикеп, кој јасно ќе се одрази во образувањето на албанските нови генерации и ќе би придонело кон нивната асимилација. Ова е само што се однесува до потребите на образованието на кадрите. Затоа што во секојдневниот живот потребни ни се кадри во сите области како што се инженери, уметници, лекари и тн.

Сето ова претставува една многу комплексна ситуација, доколку не постои високата професионална подготвовка на албански јазик.

Од сето ова што се кажа погоре, на албанците им е потребен универзитет во Македонија. Универзитет кој ќе произведе кадри со висока демократска светс за да се ангажираат во сите теоретско-научни и практични области. Во овој универзитет ќе се формираат новите генерации кои ќе ја сакат Македонија, ќе јаградат и ќе ја бранат. Така ќе се поправат направените грешки во минатото.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Андреј Жерновски, процедурално.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани дами и господа,

Слушнавме многу процедурални интервенции, дел од нив издржани, дел од нив неиздржани.

Во иметто на Либерално-демократската партија процедурфално би интервенирал. Имено, мислам дека е крајно време да излеземе од оваа ирационална димензија во која што влеговме сите. Сметам дека почнавме да живееме во светот кој што функционира само во оваа парламентарна сала, сметам дека е време да го погледнеме Парламентот од онаа страна на екранот која што ја гледаат граѓаните на Република Македонија.

Кажани се ставовите на пратеничките групи, кажани се ставовите на пратениците, познати се ставовите и на опозицијата и на позицијата.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Треба да си признаеме дека дигнитетот и на Парламентот и на Парламентарците на нас самите го спуштивме на најниско можно ниво, така што првото нешто што е поврзано со процедурата е би сакал од вас г-дине пртседателе да побарам да ја прекинеме седницата да побараме Претседателство кое што е составено од претседателот на Парламентот од потпретседателите и од координаторите на Пратеничките групи да се договориме што ќе правиме понатаму бидејќи вака повеќе не оди бидејќи се исмејуваме самите себе си.

Ние се повлековме, тоа не води со плод, ние имавме координација и таа не води со плод, ние повикуваме да има уште една координација. Она што сакаме да го кажеме е дема понатаму пратеничката група на Либерално демократската партија ќе

инсистира да профункционира членот 83 каде што ќе се говори еднаш во траење од 10 минути и координаторот на пратеничката група и предлагачот на актот од 15 минути. Ако смета опозицијата дека ова е некоректно спремни сме да го кажеме и предлогот она што го направија соседните земји кои што фаќаат чекор да влезат пред ЕУ и пред НАТО, сите давиме по половина час, како ќе одлучи пратеничката група така да се распределат тие. Ова што го имам пред нас е следната седница на Парламентот можете да замислите за секоја точка ако се инатиме до крај што ќе стане.

И на крај што е многу важно и за што очекувам поддршка од опозицијата. Ние како што е познато се наоѓаме пред апликација за ЕУ. Вие како опозиција дадовте декалрација со кое што го оддржувате тоа. Ако сакаме да го фатиме чекорот ќе мора да работиме ефикасно.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Господине Жерновски имате уште 10 секунди од процедурално.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Значи, повикувам уште еднаш враќајќи се на оваа седница да ја прекинеме седницата, да свикаме претседателство и да го вратиме дигнитетот на парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве, молам, ве молам, ве молам, седницата не може да се прекине, само може претседателот да ја прекине седницава, бидејќи има основ во деловникот како може и еден пратеник со поддршка од 10 пратеници да ја прекинат.

Не може да се ограничат дискусиите затоа што тој член на Деловникот важи само пред почетокот на седницата, и ве молам јас го дадов објаснувањето и продолжуваме и понатака со расправата.

Збор има г-динот Јани Макрадули, а нека се приготви Фазли Фелиу.

(Некои од пратениците бараат процедурално)

Добро, од процедури, кој има реплика на г-дин Г'зим Острени, г-динот.

Не, не, затоа што Коце Трајановски овдека е, вие имате реплика, немате. Пријавите се. Којзеклиска Марија пратеникот има реплика. Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас навистина не можев да разберам од дискусијата на г-динот Острени, што сакаше да каже во неговото излагање по повод предлогот за донесување на закон за

основање на државен универзитет во Тетово, кажувајќи ни бројки за основно образование, бројки за средно образование проценти на студенти на проценти на ученици, по основно образование, проценти на ученици во средно образование, проценти на наставници во основно обрасование и проценти на наставници во средно образование.

Меѓудруто г-динот , значи тој не ја разбра дискусијата и мислам дека немаше апсолутно никакаква врска со Предлогот за донесување на закон за основање на државен унивезитет во Тетово, понатаму би сакала да кажам дека голема среќа што албанските колеги студенти можеле поради тоа што не успеале да се запишат на двата државни универзитета да ги завршат своите студии во странство затоа што колегите македонци, студенти тоа не можеле, не можеле да си ги обезбредат финансиските средства а добро е колегите албанци студенти што го тоа право и можност имале па нашите македонци останале да студираат само на овие два универзитети. Јас незнам навистина дали г-динот  Г'зим Острени не сака да види ама сигурно ќе треба дас го земе списокот на сите вработени албанци судии сите вработени уметници, и сите вработени публицисти така да немаше потреба да ни објаснува колку тие се дискриминирани. Дали ние тука постојано треба да ја потенцираме вечата дискриминација на албнците, и она што најмногу ми падна во очи, мислам дека ниеден од другите колеги пратеници не го забележа тоа, а тоа е асимилаторска политика која ја имала Република Македонија спрема албанците.

Јас навистина сметам г-дине Г'зим Острени, дека ние никакви асимилатори не сме, затоа што тоа е навистина тежок збор да го кажеш, од парламентарната говорница. По што вие ви личиме на асимилатори? Како вие ќе ги воспитате вашите млади колеги студенти и млади албанци во однос на она што ќе го чувствуваат према македонците и македонските колеги студенти  дали тие ќе ги воспитувате како идни граѓани на Република Македонија или како вечно асимилирани албнци од страна на македонци.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете  г-дин Острени една минута.

Г'ЗИМ ОСТРЕНИ:

Бидејќи госпоѓата рече уште од почетокот дека не ја разбрала мојата дискусија немам на памет да ја повторам, меѓутоа би ја советувал да ги земе стенограмите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Груевски, процедурално.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодрам.

Почитуван г-дине претседател на Собранието од името на Пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ имам еден предлог до вас доколку ќе сакате да го прифатите предлогот е да ја прекинеме денешната седница, во овој момент до каде што сме дојдени и веднаш да закажете и да ја одржиме и седницата за прифаќање на декларацијата на Парламентот и одлуката на Парламентот за поднесување на апликација на Република Македонија во Европскаста Унија, и веднаш потоа да продолжиме со дискусија по економските закони кои што се од витално значење, за речиси 400 илјадите невработени во државата, и за над 30% сиромашни граѓани во Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Кој е за реплика. Повелете госпоѓа Силвана Бонева.

(Дел од пратениците реагираат да се постапи по прдлогот)

Немаат деловничка основа, сите по тој предлог се изјаснија. Најдете ми го членот по кој што треба да се изјасниме.

За оние неколку дена, добро, доста го научи деловникот. (Се обраќа на некој од пратениците).

Најдете го членот во кој што . . . не, не, не.. . Но кои се условите, за да се прекине седницата.

Господине Груевски процедурално рековте и не можеме повеќе процедурално.

Повелете, и давам збор на г-ѓа Силвана Бонева, за реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Добро, г-дине претседателе, благодарам за зборот. Репликата се однесува на дискусијата на Г'зим Острени, сакам да напомнам дека никој во овој парламент, а посебно пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ не им го ускратува правото на албанците на образование на мајчин јазик, бидејќи тоа е веќе апсолвирано право и со законот за високо образование и со формирањето на Штуловиот универзитет.

Сега ние зборуваме само за унапредување на тоа право на високо образование, не само на албанците туку на сите млади луѓе во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Острени.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Јас не спомнав дека ВМРО ДПМНЕ ги игнорирала досега албанците, туку реков дека досега досега состојбата е таква каква што ја изнесов, а таа покажува дека во недоволен број се застапени албанците во средното образование. Мислам дека недостасуваат околу 3000 и нешто ученици. Според тоа, самата бројка укажува на тоа. Јас жалам Што не дискутирам на ваш начин, дискутирам со бројки, со факти.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Дали има понатаму некој за реплика?

Повелете г-оспоѓо Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Би го запрашала пратеникот Острени дали знае дека на факултетот за драмска уметност во Скопје на катедрата за глума неколку години наназад функционира класа на албански јазик каде што актерите изучуваат вештините и умешноста на глумата на својот мајчин јазик и класа и факултет на кој се образуваат високо профилирани кадри кои се вработуваат во театарот на албанската народност така мислам дека се вели.

Понатаму беа спомнати Евроинтегративните процеси си во контекст на исклучително европската ориентација на Партијата на ДУИ. Истовремено оваа европска ориентација е мнгу често споменувана како една од главните карактеристики од страна на една променентна и од моја сстрана навистина почитувана колешка исто така членка и пратеничка на ДУИ. Го прашувам пратеникот Острени дали смета дека дискусијата на неговиот колега Невзат Бејта беше во духот на Евроинтегративните процеси и европски ориентирана.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, збор има пратеникот Острени, една минута контрареплика

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

За театарот Ви благодарам, ако имате вакви забелешки јас ќе ги надополнам моите знаења, додека за евроинтеграциите и за тоа што треба ние да го направиме, сите знаеме дека домашна задача број 1 на Република Македонија е реализирање на Охридскиот договор. Ви благодарам.

А, за Невзат Бејта, прашајте го него, ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, се наоѓаме во петтиот ден кога треба да дискутираме за Законот за основање на државен универзитет во Тетово и покрај нашата одлука што вчера ја изнесовме да не дискутираме видовме дека тоа не вроди со плод, се злоупотреби неприсуството на СДСМ со серија на навреди од страна на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ без, повторно да кажам да имаме намера дека можеме да ја спречиме таа дискусија бидејќи е согласно Деловникот и тука немаме механизам како тоа да го направиме, освен што апелиравме побрзо да се заврши оваа седница.

И, ме радува што сега претседателот на ВМРО ДПМНЕ е спремен да јај прекине оваа расправа со цел да се зафатиме за оние работи што најмногу ги мачи граѓаните.

Јас и вчера реков дека е време и граѓаните тоа го бараат од нас, да работиме. Спрема нив имаме обврска да донесеме законски проекти кои им требаат, решенија кои им требаат, а не 7 дена тука да се обидуваме да дискутираме, велам, обидуваме, зошто, да го употребам изразот на г-динот Крстевски, од поодамна овде не се води нормална дебата по оваа точка. Зошто го велам тоа од поодамна, затоа што бевме сведоци оние што беа будни имаше препрочитување на исти дискусии, имаше смешни ситуации да пратениците се заморат па прескокнуваа по пет-шест страни, си ги обвинуваа колегите меѓусебе дека му дале премногу материјал или пак им ги исмешале страниците, (реакција на делот од пратениците во салата) имаше дури . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, зборувајте за концептот.

Се извинувам, се извинувам, можете малку потивки да бидете и не ми дозволувате да го опоменам. Ве молам, бидете потивки.Гледа народот.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Имаше дури и препрочитување на дискусии на други пратенички групи со што мислам дека се повреди авторското право на поедини луѓе што се мачеле. Господинот Дика се спремал за дискусија вредно, совесно, некј го злоупотребил тоа во услови кога се бориме за заштита на интелектуалното право и сопственост, мораме да водиме сметка и за тие работи.

И, она што најмногу се правеше, се заменуваа тези, за тие тези сакам малку да поразговарам и она што ме изненади, чувме две големи загрижености.

Прво, уште еден израз од сабајле да употребам, Либералната партија пролеа крокодилски солзи за Рамковниот договор, и тоа ме радува затоа што се загрижи за Рамковниот договор иако не го потпиша и станаа свесни дека Рамковниот договор и имплементацијата е иднината на Република Македонија.

(Реакција на дел од пратениците во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Макрадули, ајде за законот господине Макрадули (реакција на пратениците во салата)

Господине Макрадули, ајде за тезите околу законот. За тезите околу законот, За тезите околу законот.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

И, зборувајќи за Законот за основање на државен универзитет во Тетово ни се даде една хронологија на настаните на решавање на процесот на високото образование во Македонија при што, исто што ме изненади загриженоста дека некој го укина Педагошкиот факултет и ме стави во една дилема, кој тоа 1997 година протестираше против тоа.

Би сакал сега да полемизирам неколку тези. Ова е законски проект. . . (Реакција на дел од пратениците во салата) предлогот за. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се исвинувам, се извинувам, можете да бидете малку попристојни, да не дофрлувате, побарајте си реплика.

Повелете г-дине Макрадули за законот, бидејќи навистина ви го одземам зборот. За законот ајде.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Зборувајќи за предлогот за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово би сакал да полемизирам околу неколку тези.

Првата теза беше процедурата. Сакам да кажам дека ова е законски проект кој е дојден на расправа во Собранието согласно позитивните законски, деловнички процедури. И, тука да немаме дилема. Исто онака како што е деловнички дозволено опозицијата да си зборува онолку колку што сака и тука никој не може тоа да го спречи.

Второ, овој предлог на закон е согласно законот за високо образование чии измени, ќе зборам за измените за високо образование произлегоа од Охридсиот рамковен договор точка 6.2 но и точка 10. Анекс - Б која досега не е спомната, а јас ја разбирам дека е во тој дух и затоа ќе ја прочитам. “Собранието ќе ги озакони сите законодавни одредби кои може да бидат неопходни во давање целосен ефект на Рамковниот договор и ќе ги измени и ќе ги укине сите одредби кои не се во согласност со Рамковниот договор”. Значи, уште еднаш да повторам, незборувам дека ова е произлезено од Охридскиот Рамковен договор, ова е произлезено од Законот за високо образование кој е изменет согласно Охридскиот Рамковен договор со интенција да се имплементира Охридскиот рамковен договор бидејќи Законот што беше донесен во 1999 година очигледно не го реши прашањето на Статусот на тие студенти, согласно членовите 191, 198, можеше да се врши и акредитација, барање и легализација на дипломите, но до тоа недојде, оставајќи политички проблем во нашата земја.

Патот до НАТО и до евроструктурите се трасира преку имплементација на Охридскиот рамкмовен договор и тука немаме дилеми. Сите политички партии од пред некој ден вклучувајќи ја и Либералната партија и на секој добронамерен граѓанин му е јасно дека со политизирање на образованието се забавува спроведувањето на Охридскиот рамковен договор.

Основањето на државниот универзитет во Тетово е обид конечно да се воспостави ред во образованието на граѓаните албанци и дека овој 10-годишен проблем запловува во помирни.

Следната теза беше на паралелизмот помеѓу универзитетот на Југоисточна Европа и државниот универзитет во Тетово. Не може да стане збор за паралелизам меѓу работи кои не се од исти, од променливи, кои не се од исти тип, да се изразам технички.

Приватна иницијатива, приватен факултет, ова од друга страна е државен. Тоа значи дека на Универзитетот на Југоисточна Европа за кој што има многу високо мислење, работат таму мои колеги и по информатичка струка се професори и знам дека се работи согласно европските принципи и стандарди. Не

може да биде споредлив со државниот универзитет, бидејќи овде теоретски сите ќе се согласиме дека можеби ниеден Албанец не може да се запише. Приватниот инвеститор си одлучил ќе ја дигне цената на упис толку колку што е, чувствува таква опасност и може да ни се случи ниеден Албанец да не се запише.

Затоа, ако сакаме да бидеме принципиелни, тогаш ќе ги спомнеме и сите други приватни факултети што постојат во Скопје. "Фон" факултетот можеби е конкуренција на Економски факултет, но никој од вас не го спомна дека тој е проблем, па Македонци повеќе ќе се акумулира и што ќе правиме понатаму дали со ММ колеџот, или со Њујорк итн.

Значи, таквата конкурентност е добродојдена и нуди нов квалитет во образованието во нашата земја.

Почитувани пратеници, она што не сакам да го правиме е тоа што во дискусиите беше апелирано до студентите и средношколците наводно укажувајќи на нив негативните последици од овој законски проект.

Сметам дека студентите се доволно свесни, од секогаш биле двигателни, динамичка сила во сите земји, примери има многу, тоа го наведовте и вие и затоа да ги оставиме сами да си размислуваат и сами да завземат став. Повиците се доказ дека не се познаваат повеќе закони кои изричито забрануваат било какво инволвирање на малолетници или средношколци во протести, во политички и партиски активности, а ние имаме случај кога политичка партија им дава поддршка. Ниту со Закон за политички партии, ниту со Законот за основно и средно образование тоа не е дозволено.

Проблемите со кои се соочуваат средношколците и студентите во Република Македонија се разбира и осноците се заеднички за сите и не познаваат етнички или религиозни бои и граници. Овие проблеми се она кон што треба да ја насочиме нашата енергија, но и политичка волја за спроведување на потребните реформи.

Од успешноста во надминувањето на негативностите во образованието во многу нешта ќе зависи и нивниот успех на политички, економски и социјален план. Последиците од неодговорното и политиканско однесување можат да бидат далекусежни и сериозно да ги загрозат напорите за создавање на клима за забрзан економски и демократски развој.

На крајот сите ние треба да разбереме дека квалитетното образование кое ќе продуцира млади и стручни кадри е можеби еден од најважните елементи на

нашето интегрирање во современите глобални текови, каде моќта на знаењето доаѓа во полн израз.

Беше доста зборувано за замена на теза за наводните договори на парламентарното мнозинство во пресрет на претстојните претседателски избори. Истата теза можам да ја завртам јас и да кажам обратно, дека тоа е враќање на некои заостанати долгови исто кои датираат од последните претседателски избори и исто дека е тоа договор меѓу  ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и што со тие тези. Ќе има ли подобрување во образованието. Кој ќе има корист од тоа. Каде гледаме дека со тоа се грижиме за студентите. Пред некој ден од Државната делегација се вративме од Женева од Светскиот самит за информатичко општество каде се дефинираат принципите на развој на информатичкото општество, а таму два битни принципи под реден број 5 и 6 се науката и образованието. Клучната улога во развојот на информатичките општества е науката, затоа што главните градбени блокови на информатичките општества се резултат на научни и технички предуслови.  Вели таму во Декларацијата што ја усвоија сите земји присутни таму. Имаше 53 претседатели и премиери на држави. Образованието, знаењето се јадро на човечкиот прогрес и таквото општество мора да биде општество кое вклучува и кое мора да овозможи услови за рамноправен третман на сите граѓани на соодветната земја.

Затоа ние како држава мораме да создадеме услови за вклучување на што поголем број средношколци во високообразовните институции. Европа каде што веројатно сите тежнееме 2005 ја дефинира како година кога ќе имаме економија базирана на знаење. Сите тежнееме кон тоа, затоа мораме да создадеме кадар, потенцијал кој ќе не внесе и со кој полесно ќе профункционираме во патот кон Европа.

Почитувани пратеници,

Ние на 15 септември ја добивме довербата и целиот потенцијал го вложуваме во средување и решавање на сите проблеми. За начинот, стилот, како тоа го правиме, ние ја носиме одговорноста и тоа ќе го провериме 2006 година на следните избори.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да дообјаснам прво, ве молам, да дообјаснам.

Јас внимателно, ве молам, имам право јас прв нешто да кажам. Јас внимателно три дена по 12 саати ја слушав опозицијата. Таму беа спомнувани интереси, предавства, Уставот овде се читаше, беа спомнувани примери од Словенија, што исто така, и многу други, други работи од типот на територијалната нова поделба. Јас опоменував, дозволував и немојте сега да тврдите дека еден ваков говор кој што е можеби политички нема врска со законот. Не е културно, не е пристојно од било кој од овде, во хор да се вика и да се довикува. Тоа го руши дигнитетот. Може да стане еден од опозицијата за реплика и да се изјасни. Но, да се вика во хор мислам дека тоа не доликува на никого, не само на опозицијата, туку и на позицијата, па и јас како претседател,бидејќи јас сепак тој ред треба да го воспоставувам. Ако ги погледаме сите стенограми, ќе видите дека можеби е само 10%, 10% од сите тие говори во однос на законот. Се друго е последиците или претходните состојби, за да се донесе овој закон. Јас тоа го дозволував, бидејќи сметав дека е потребно да се објаснат предусловите или можеби последиците за еден ваков закон. Тоа го имаше и кај господинот Макрадули и ве молам во иднина, ве молам како пратеничка група, која што претставува 300.000 гласачи, барем еден да го изнессе својот став, а не сите колективно.

Повелете процедурално, или реплики.

Процедурално, повелете господинот Стоилковиќ.

ИВАН СТОИЛКОВИЌ:

Господине претседателе, благодарам.

Мислам дека во излагањето на господинот Жерновски, кој се повика на член 79 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, постои основа да го испочитувате неговото барање, затоа што член 79 вели дека седницата може да се прекине ако за тоа одлучи Собранието на Република Македонија по предлог на претседателот на Собранието на Република Македонија, пратеничка група или 10 пратеници, а заради дополнителни консултации и тн. и тн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа и така натаму и така натаму е битно.

ИВАН СТОИЛКОВИЌ:

Господине претседателе и така натаму, сослушајте до крај.

Сослушајте до крај господине претседателе. Очигледно вие овде сте претседател на сите пратеници, а не само на еден дел.

На крајот, последниот пасус вели: "Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Собранието на Република Македонија не подолго од еден час".

Господине претседателе, господинот Жерновски ве повика и јас ве повикувам да ги соберете претседателите на пратеничките групи на дополнителни консултации, бидејќи веќе еднаш имавте консултации и една пратеничка група не го испочитува договорот. Повторно да ги соберете и обедете се да ја деблокирате работата на Собранието на Република Македонија. За овој мој предлог барам поддршка од 10-тина пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господин Стоилковиќ, нема основа, бидејќи овде пишува: "и прибавување на мислење од Владата на Република Македонија". Ние ги имаме сите мислења и нема потреба од дополнителни консултации. Гласавме за тоа, вие не бевте тука.

Повелете сега реплика.

Процедурално госпоѓа Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Господине претседателе, јас во целост се согласувам со вашето образложение и забелешки што ги дадовте. Точно е дека многу пати не прекинувавте, но и точно е дека многупати не оставивте да ги дадеме нашите опсежни образложенија при уводите, образложувајќи ги нашите ставови и погледи во однос на овој предлог закон.

Би сакала, со една реченица да ја објаснам бурната реакција на нашата пратеничка група во однос на излагањето на пратеникот Макрадули. Неговиот увод беше реплика на сите наши вчерашни излагања. Доколку тој сакаше да реплицира, требаше да биде присутен на вчерашната седница и после секоја дискусија на секој пратеник, требаше да си даде реплика, за да пратеникот има право на контрареплика. Значи, во таа насока се однесуваше нашата забелешка. Инаку, во целост го уважувам вашето образложение.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сега ќе ви одговорам процедурално дека не сте во право. Кога се заклучува некоја седница, вообичаено се вели дека до Владата на Република Македонија се доставуваат стенограмите од дискусиите и расправите кои се водат во Парламентот како материјал по однос на таа точка. Према тоа, вашиве дискусии и вашава расправа, господинот Јани Макрадули можеби ја искористи како материјал во врска со таа точка. Тоа е точно така и во Деловникот. Има стенограми, се земаат и се доставуваат до Владата на Република Македонија. Ве молам, ако има некој реплика.

Господинот Мешков има реплика.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, еве во што се состои мојата реплика на излагањето на господинот Макрадули.

Фактот што господинот Макрадули после подолго време, незнам колку ја спомена Либералната партија, фактички го потврди фактот дека пратеничката група на Либералната партија е важен факор во работата и одлучувањето во ова Собрание. Инаку, ако не беше, тој не не спомнуваше. Штом не спомнува, значи тој смета дека сме важен фактот во одлучувањето и работата на ова Собрание. Ние не сме потписници на Рамковниот договор, меѓутоа, ако, немаше тој прилика да го слуша или незнам, го слушаше моето излагање, во него точно реков дека еден од главните предуслови за нашата евроинтеграција е почитувањето и спроведувањето на Рамковниот договор, затоа што тој Рамковен договор го потпишаа и се согласија сите релевантни политички фактори во државата. Тука недвосмислено многу пати Либералната партија го искажала својот став. Меѓутоа, она што некој сака да го прикаже како дел од Рамковниот договор а не е, ние тука си го задржуваме правото да си го кажеме нашето становиште, затоа што тие прашања не се содржани во Рамковниот договор.

Господинот Макрадули исто така кажа некои детали за кои што тој тука не беше присутен да ги слуша и гледа говорите кој како говорел, а тоа преку телевизија не можеше да се види, ако некаде ја следел седницата. Затоа, мислам дека добро е да се зборува за нешто, кога бил некој присутен и го видел тоа и да зборува. Меѓутоа, на телевизија не можеше да се види говорите кој како ги давал.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Мешков, никогаш не сум ја одвоил Либералната партија од ВМРО-ДПМНЕ и во воведното излагање, по повод формирањето на Владата, да ве потсетам, секогаш употребував Владата на Георгиевски и Андов и не мислам дека сте вие амнестирани и сте соучесници. Мислам дека сте соучесници во сите деанија што ги правеше претходната Влада. Вашето излагање не се однесуваше на мојот коментар, туку на господинот Андов.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџовски, имате реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Макрадули, репликата се однесува до вас.

Значи, прво општо ме радува што конечно прозборивте и ме радува што конечно ве гледам тука. Добро е господине Макрадули што после два - три дена откако добро се наспавте, немавте можност да не слушате, па ги прочитавте говорите како материјал и по нив искористивте право да дебатирате. Меѓутоа, некои работи не треба да ги искривувате, туку треба да ги кажете такви какви што се. Не барајте алиби во Рамковниот договор и не читајте ни овде делови од Рамковниот договор кои немаат блага врска со овој закон. Рамковниот договор и се она што кажавте се однесува за правото на албанците за образование, на високо образование на нивниот мајчин јазик што не е спорно и што е регулирано во Законот за високо образование. Меѓутоа, овој закон со тоа нема врска. Тоа дека овој закон произлегува од Уставот, од Рамковниот договор, нема врска. Главната вистина вие не ја кажавте, а главната вистина е дека тоа е политички договор. Ако мене не ми верувате, верувајте и на госпоѓица Радмила Шекеринска. Таа го кажа и во Маврово, таа го кажа и на “Сител” во дуелот со госпоѓа Ганка, ако мене не ми верувате, верувајте и неа.

И друго да ви кажам. Немојте да бидете сигурни дека ќе го дочекате 15 септември 2006 година, затоа што јас сум убеден дека тоа ќе биде многу порано од 2006 година. Некој 15 септември, но многу порано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро, јас можам уште 16 пати да кажам дека овој закон е произлезен од Законот за високо образование и дека нема врска со Рамковниот договор, ама тој е влезен во чипот на некои луѓе и не можеме да ги промениме сите тие работи. Колку пати да повторам дека овој закон не е последица на Рамковниот договор, туку на Законот за високо образование, што е последица на Рамковниот договор.

Господине Караџовски, вие сигурно вчера не бевте или незнам што правевте, не ме интресира тоа, јас бев тука присутен, ама незнаев дали да му преплицирам на Спиро Мавровски што ја читаше дискусијата на Замир Дика или Замир Дика што ја пишуваше. Тоа да ми го објасните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика кој има?

Прво тука е господинот Коце Трајановски, имате реплика? Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе. Согласно член 86 од Деловникот на Собранието на Република Македонија мојата реплика ја побарав на говорот на господинот Јани Макрадули, бидејќи сметам дека искажа некои работи кои што не се точни. Имено, кажа дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ги препрочитувале говорите. Јас можам да констатирам дека господинот Макрадули беше најчесто во приспивна состојба, не во салата, туку надвор од неа и во таква состојба сите говори се исти. Тоа е под еден.

Под два. Кажа дека ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, да бидеме малку и пристојни.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас реков “приспивна”, не кажав ништо лошо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се договоривме, инсистиравте.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Второ, господинот Макрадули кажа дека е обид да се воведе ред во високото образование. Сметам дека со овој закон, на ваков начин како што е направен и во ваква состојба како што е конципиран и со ваква документација подржан, сметам дека се прави хаос во високото образование во Република Македонија. Тоа го кажавме во неколку наши говори, тоа би сакал уште еднаш да го потенцирам.

Инаку, што се однесува дека науката треба да биде главен промотор и ние треба се ориентираме кон тоа, јас го подржувам господинот Макрадули, дека треба да имаме што повеќе високообразовани кадри кои што треба да се запишуваат на факултетите и завршуваат. Меѓутоа, исто така е значајно, ние треба да продуцираме онолку кадри колку што му требаат на стопанството или општеството или институциите во Република Македонија. Инаку, или пак да ги прашаме армијата од невработени кадри кои што се со 10, 15, 20 годишно искуство од фабриките кои што ги затворивме, а не можат да најдат работа, а ние во исто време огромни средства издвојуваме за да продуцираме нови кадри, кои што најверојатно, или ќе останат на улица, или ќе заминат од Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика, господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

За една минута не можам да измислам толку навреди, колку што би сакал господинот Трајановски да слушне, затоа се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Мене ми е жал што СДСМ со нивниот координатор господинот Јани Макрадули призна дека имале погрешна проценка за тактиката. И сега во одбрана на својата погрешна тактика се нафрли со низа елементи кои само ја критикуваат опозицијата, која што дискутираше за законот. Јас очекував дека тој ќе влезе овде во дискусијата за законот, меѓутоа, тоа повторно не се случи. И уште една работа која

јас овде јавно ја искажувам пред сите дека целата постапка за овој универзитет е погрешна. За да се формира универзитет по Законот за високо образование мора да имате намалку три или пет факултети ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец, сами рековте дека не зборувате за законот, меѓутоа реплицирате за законот. Реплицирајте за она што го кажа господинот Макрадули.

Ако е реплика вие рековте дека ништо не кажувате за законот, а вие реплицирате за законот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Вие ако не сакате да ме сфатите ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сакам да бидам прецизен.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Добро, тогаш ќе се јавам за дискусија за да му објаснам на господинот Јани Макрадули како се основа универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Министерот за образование, контра реплика. Се пријави. Повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас се надевам дека г. Оровчанец во 19-от обид конечно ќе им објасни на граѓаните за причините зошто не треба да се донесе овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По членот 84 на предлагачот, на министрите, на известителот на работното тело претседателот на Собранието им дава збор штом ќе побараат. Овде не пишува дека не може за време на репликите.

Повелете министре.

Молам, почитувајте го Деловникот.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Ќе се обидам уште еднаш по толку долги дискусии и поминато време во Собранието на одредени прашања кои беа поставени, дилеми или наметнати дилеми кои беа предмет на долги дискусии да одговорам на тие за кои мислам дека се важни, а на кои сигурно сум одговорил и сум разменил мислење во текот на комисиската расправа, во моето воведно излагање и во обраќањето кое го имав по вториот ден како резултат на потребата која во дискусиите се наметна и од самите пратеници.

Сигурно нема да се осврнам на некои прашања или патетични обраќања до мене за нешта за кои не сум надлежен, со тоа сакам да придонесам кон разјаснување на состојбите сврзани со овој закон со надеж дека ќе придонесе кон создавање на реална слика за тоа што правиме и дека потреба од донесување на таков закон има и пред се Предлогот на закон е заснован врз Законот за високо образование.

Првата дилема која се постави и за која сакам малку да прозборам е во врска со процедурата. Дали вака се основа, дали така се основа, дали мислењето е во ред или ова што пишува по весниците е нешто што е спротивно од првото или третото со што сигурно се наметнува една квази дилема, која мислам дека не помага на тоа што е целта на ова Собрание.

Сакам уште еднаш да потврдам дека Предлогот на закон е базиран врз Законот за високо образование каде со членот 43 е децидно кажано дека со Предлог на закон за основање се оди на Парламент со мислење на Одборот за акредитација. Тоа е направено, вие го имате во вашите материјали, на Комисијата, а и подоцна реков дека не е можно сите аспекти за основање на една високо образовна институција кои се и организациони, образовни, научни, аналитички и многу други работи да се изанализираат во расправа на законодавен дом кој е надлежен за законодавната димензија од овој аспект. Затоа законодавецот предвидел при разгледување на самиот закон пред вас да биде и мислењето на Одборот за акредитација кој е избран од Универзитетската конференција во поголемиот дел како сублимат, значи на мислење на академската мисла и на постојните високо образовни институции и како таков законодавецот предвидел да помогне во создавањето на стручната аргументација за поддржување на тој закон од тој аспект.

Дилемите кои тука се отвараат од образовен аспект, академски аспект, знам дека произлегуваат од познавањата кои ги имаат одредени професори на факултетот, но сигурно процедурата не се менува поради фактот, овој дом е законодавен дом и законот е дојден кај вас врз основа на Законот за високо

образование и мислам дека непотребно се поставуваат дилеми кои се вон овој контекст сигурно со цел да ја зголемат конфузијата и да наметнат мислење дека тоа што некој пишува или што се прави е мало, несоодветно.

Поради овој факт, мислам дека сите тие прашања или отворени дилеми во овој контекст не се основани затоа што сме внимавале целата процедура да биде спроведена врз база на Законот.

Уште една работа, тука се отвараат многу нешта кои сигурно се предмет на натамошна процедура на основањето или по основањето на една институција, како што се и другите членови, но не е можно тие побарувања да бидат во актот на самото основање.

Сигурно, со овој акт се отвора можност во натамошна процедура преку процедури предвидени со закон и во однос на кадри и во однос на простор и во однос на следната акредитација да се направат следните чекори кои ќе го надополнат ова што е предвидено со актот и што мислам дека се предвидени со самиот Закон за високо образование. Не можат таквите нешта кои се отворија тука да бидат предмет на законот за основање. Законот за високо образование ги предвидел во своите делови сите активности кои треба да следат по донесувањето на актот за основање.

Друга работа која тука се отвора дали се основа или се легализира. Мислам дека тука многу пратеници кои добронамерно и аргументирано гледаат на оваа работа знаат дека досегашните напори што се направија од досегашните Влади на Република Македонија ние ги почитуваме и ги земаме во предвид кога предлагаме таков закон. Притоа имаме во предвид дека досегашните чекори сепак оставија една структура која е вон законска, надвор од законот како што е сега каде не можеме ние како Влада или како Министерство да имаме ингеренции за да ги подобриме состојбите и таа структура тој универзитет да го вклопиме во легалниот систем да биде во функција на тие претпоставки што се предвидени во законот. Подобро вклучување на заедниците, во овој случај на албанската заедница, насочувањето на таа енергија кон позитивни нешта во Република Македонија, нивното вклучување во подобрување на индикаторите на развојот на земјата така што тој факт и покрај досегашните позитивни чекори е повеќе од очигледен.

Со законот сме предвиделе дека озаконување на оваа институција може да биде само преку основање, затоа има член 5 кој ги препознава, јасно е се работи за институција која не успеала до сега да се вгради во системот, се прави механизам кој механизам бил и порано кога се основаше Штуловиот универзитет само што

тогаш од тој Универзитет луѓето требаше да одат во една приватна институција која беше основана така како што беше основана, беше направен добар чекор, а сега таа процедура ќе важи за евалуација на знаењата и на дипломите во структура која ќе биде државно призната значи државен универзитет за што мислиме дека ќе се заокружи самиот концепт на правата на високото образование и на албанците и на другите нормално според законот и со тоа мислиме дека ќе се надмине тоа што остана ненадминливо и тоа што претставува образовен проблем и политички и проблем на кој се надоврзуваат и други аспекти, параобразовни, во подолг период со што мислиме да придонесеме како прв чекор кон создавање на клима образованието и високото и универзитетот да се третира како образовен проблем и постепено да ги решаваме проблемите врз принципи базирани врз образовни параметри.

Мислам дека е многу јасно зошто правиме така, што правиме и зошто е потребно сега да го првиме. Значи, оваа Влада одлучи овој сегмент, овој проблем кој остана нерешен и ако не се преземе овој чекор веројатно ќе биде уште попроблематичен да го реши на конзистентен начин базиран врз Законот за високото образование што мислам дека е несомнено така.

Затоа мислам дека дилемите околу тоа дали е основање или легализација се непотребни до таа мера кои сакаат тука да се искажат затоа што законот е јасен, озаконувањето е преку основање и сигурно во оваа институција ќе важат во целост како и сите други институции Законот за високо образование и во однос на подготовка на студиските програми, дали ќе има простор, решение за нивно озаконување ќе следи после ова, ова е еден почеток кој отвора простор за решавање на состојбите врз база на закон, кој мислам дека е многу прифатлив пристап.

Друга дилема која се употреби тука и сакаше да се наметне по секоја цена некоја конфузија е финансирањето и влијанието на ова финансирање врз постојните високо образовни државни институции.

Уште еднаш користам прилика иако сто пати сум го рекол, но изгледа се сака на оваа основа да се направи непотребна конфузија затоа што е почувствителна дека со овој проект не се доведува во прашање никаков ризик за финансирање на постојните високо образовни институции ниту на Универзитетот Свети “Кирил и Методиј” овде во Скопје ниту на Битолскиот универзитет, тоа е така и мислам и со Предлогот на буџетот дали ќе има покачување, дали ќе има прераспределба на средства ќе зависи од Советот за високо образование кој тие средства во склоп на

овие институции ќе ги решава на начин предвидени со член кој се бави со ингеренциите на Советот.

Нема никаква основа кажувањето дека со ова ќе се оштети оваа или онаа институција или со овој чекор се сака да се скратат финансиските побарувања на двата постојни универзитети. Уште еднаш јасно кажувам дека воопшто не е точно и секоја намерна ориентација на дискусиите во оваа насока мислам дека не е добронамерно од овој аспект.

Сите знаете дека Советот е создаден поради таа потреба тука да се види и да се изанализираат сите потреби на факултетите и тие што се дојдени од тие факултети сами да си определат принципи, критериуми и мерила како тие средства да се распределат, мислам дека тоа е најдобриот начин да се надминат овие состојби. Потребата за повеќе средства во високото образование и на постојните, јас како министер правам напори така да биде, но нормално во склоп на целосната политика на Владата која мислам дека има тешкотии, но ние внимаваме да не ги рефлектираме во постојниот високо образовен систем.

Трета дилема која исто така се отвора перманентно иако на Комисијата го објаснив и во самиот проект го имате некоја дилема околу факултетите. Дали со ова основаме или легализираме толку факултети го решаваме проблемот врзано со број 4 факултети и една Виша стручна школа или по нечија претпоставка дека има 13 факултети, па остануваат уште 8 надвор. Мислам дека тој пристап е неоснован, пак ќе кажам на универзитет во Тетово сега се 11 факултети од кои само медицинските науки не се вклучени во постојните програми кои се предвидени во оваа струка. Тука се 8 факултети кои се распоредени по студиски програми на овие факултети што го претставуваат најголемиот дел, сите знаеме дека најголемиот дел е во право, на економија и Педагошкиот факултет заедно со психологија кој во склоп на хуманитарните науки заедно со јазиците кој е посебен со сегашната структура, заедно со уметностите, со Филозофскиот и Педагошкиот се вклопени во програмите на Факултетот за хуманитарни науки и уметности каде се 4 постојни институции во еден факултет. Со тоа сакавме да избегнеме непотребна администрација или на сметка на самиот образовен кадар. Не е точно дека со овој предлог нема да има внимание спрема студентите и нема да се реши проблемот.

Проблемот со медицинските науки нормално не е дел на овој проект затоа не го бранам, не е во таа структура затоа што не е дел од програмата, но тоа што се мисли дека треба да се има или е желба, туку еден дел од програмата сме вклопиле непостојни структури за кои се покажало дека има потреба и јавен интерес да има

поуспешни и озаконети во оваа структура и предвидени структури кои ги нема како што е политехникумот каде мислиме да ја вклопиме таа интеграциона компонента на стартот затоа што таква висока стручна школа засега нема, а работиме на тоа да ја има и во другите делови на Македонија затоа што воведувањето на високата стручна школа е еден концепт кој се напушти пред неколку години во Македонија, а потребите на пазарот на трудот и на трансформацијата на капиталот му е потребен и тука не намеравамe дека ќе има само албанци во таа структура затоа што тоа е поддржано и од Меѓународната заедница, а ќе ја искористам приликата уште еднаш да укажам дека зад овој проект стои поддршката од Меѓународната заедница и јас сум за тоа да поддржиме одредени норми и стандарди кои произлегуваат од Законот за високо образование и другите аспекти кои го организираат квалитетот на високото образование.

Мислам дека се создадени услови и претпоставки и за таа интеграциона компонента во самиот тетовски универзитет во прв чекор кај политехникумот подоцна, во зависност од интересот на граѓаните, но сигурно дека овој универзитет останува отворен за сите други граѓани кои живеат во Република Македонија.

Ние ја препознаваме потребата и тоа сме го напишале во Програмата дека ќе има потреба за разгледување на можностите како ќе го решиме проблемот за подобар пристап во медицинските науки. Тоа не мора да оди затоа што нема услови преку основање на високо образовна медицинска установа, а ние сме подготвени за таа работа да разговараме кои би биле посоодветните аспекти и пристап за решавање на тој проблем. Затоа тоа не е дел од Програмата која стои пред вас.

Во однос на просторот рековме дека сегашниот простор на тетовскиот универзитет на така наречената стара зграда и некои згради кои се со закон предвидени процедури дел од тој амбиент во кој овие студенти држат настава се предмет на нашиот проект. Се што е нелегално или низ нелегална процедура сака да се преземе или придобие незаконски како што е случајот со Македонија Табак сигурно дека не само што не е предмет на Проектот што го ставам пред вас, туку не може да биде место каде ќе се акредитира било каква законска студиска програма. Тоа го тврдам, а како што реков и за овој универзитет ќе важи Законот за високо образование кој многу јасно ги предвидел овие работи, па затоа во членот 92 стои дека на универзитетот може да му се даде завет, донација и други работи, како што е случајот во овој дел каде таа зграда се дава на универзитетот за користење.

Беше кажано уште една работа дека ги фати паника факултетите, универзитетите што е тоа што сегашните простори на Скопскиот универзитет ќе се

користат за оваа прилика. Ве молам, ништо во проектот што ние го предлагаме такво нешто не стои. Ние не сме побарале ниту имаме намера да преземеме нешто од постојните високо образовни институции како што беше кажано вчера, таквите импутации се неосновани затоа што ниту се предвидени ниту сме помислиле да го реализираме овој проект на таков начин.

Фактот што Одборот за акредитација дава мислење за одредени моменти кои би биле во полза на некоја политика во функција на интеграцијата како мислење сигурно ние како и вие ќе го почитуваме и ќе го имаме во предвид што е можно што не е можно да се реализира, но не е предмет на нашиот проект кој го предлагаме и кој може да биде предмет на грижа на постојните високо образовни институции просто тоа не е точно и не може така да биде како што реков целото делување ќе биде засновано врз закон, како што беше целата досегашна постапка во однос на Македонија Табак.

Четвртата дилема што со право се отвора, тоа е проблемот со Универзитетот на Југоисточна Европа, Знаеме дека овој Универзитет е со квалитгети што не беа оспорени од сите дискутанти тука и претставува чекор што отвора перспективи во високото образование и овозможи дополнителни квалитетни можности за школување и на албанците, како што слушнав и зе знае и за другите заедници.

И, можните релации на оваа институција со една друга институција што треба да се основа во Тетово, мислам дека се нормални релации што ќе се создадат меѓу тие две институции, како меѓу оваа институција и другите институции во Македонија, каде, базирано врз заедничкиот интерес, верувам и ценам дека ќе се препознае заедничкиот интерес за соработка до ниво на кое што тие ќе ценат и мислам дека ќе се уверат дека е потребна максимална комуникација и релација меѓу другите. Ние не го отфрламе ниту пак го заобиколуваме Штуловиот универзитет, како таков, тоа стварно би било грев, но како позиција за покомплексно решавање на целиот процес во Тетово, врзано со оваа работа, го предлагаме овој закон со кој што ќе се отворат принципиелни позиции за еден процес што врз база на други принципи и законски можности ќе доведе до одредени релации што мислам дека ќе бидат прифатливи за сите.

Затоа, дали еден град има два универзитети, а ние тоа не го правиме затоа што го има некаде или го има секаде, тоа не е предмет на дискусија. Има градови ко имаат пет универзитети, но тоа не значи дека и ние треба да правиме. Има поголеми градови кои воопшто немаат, но и тоа не е аргумент. Мислам дека тој пристап да го фатиме ниту е користен ниту аргументира некоја теза.

Затоа, господо пратеници, уште еднаш ве уверувам дека се работи за проект што навлегува во суштината на решавањето на високото образование, од која што, како што рече и поранешниот премиер на Македонија, 90% од досегашните жалби или отворените прашања на таканаречените човекови прашања беа врзани со високото образование. 90% од проблемите. Со досегашните решенија се решија сигурно некои од тие или се затвори некој дел што го подобри тој процент од 90% и го подигна на повисоко ниво. Но, сигурно мислам дека е во интерес на сите да се поддржи законот и да направиме еден чекор што тој процент ќе го доведе на нула и ќе разговараме после за квалитетно образование и за нешта што во образованието вее не значат политика, туку значат нешто што е нормално во секој образовен систем. Така што, уште еднаш ве уверувам дека јавниот интерес на Универзитетот на Југоисточна Европа и ссега постои. Ние тоа го тврдиме. Во склоп на таа стратегија,  што беше и тука кажана, дека ова се решава што со Штуловиот универзитет, што со квотите  на Скопскиот и другите универзитети, мислам дека сигурно ќе предложиме концепт што ќе го согледа овој проблем на високото образование во целина и во склоп на таков пристап, веројатно еден ценет дел ќе има и пристапот према студиските програми на Југоисточна Европа, како и према студиските програми на албански јазик и на други јазици што ги има и на Скопскиот универзитет. Така што, мислам дека не може да се бара сето ова да се реши низ еден закон што е за основање, врз основа на членот 43. Прифаќам да разговараме и за тези што се од ваков тип, но со аргументи што сигурно стојат.

Многу се спомнуваат кадрите и квалитетот. Единствен начин да се дојде до овој кадар, до квалитет е законската постапка. Мислам дека сите тие изјави што се со закон предвидени да бидат такви, значи лични изјави потпишани од луѓе, не значи дека тие веднаш создале работен однос. Тоа мора да помине пред комисијата која што со тие работи ќе се занимава, но тие се такви затоа што законот така предвидел да ги има во тој проект. Дали е тоа добро или може да биде поуредно, дали може со компјутери или со бои, јас незнам. Но, во законот е предвидено на тој начин тие да бидат претставени, а тоа не е  склучување на работен однос. За таа работа има процедура која што не е незнам како, туку според законот што важи и за звањата и за студиските програми и за вработувањата, како што е за сите, така ќе биде и за оваа работа.

На крајот, ќе кажам дека пак, за жал, мислам дека некои пратеници од неможност да изнајдат материјал и други аргументи како  да го тоа, сепак почнаа да

читаат елементи од програмата со што се сака да се укаже и да се каже дека еве, видете, тука има пари, таму нема пари.

Господо пратеници,

За некој став, за некои активности нема пари и на другите универзитети. Јас реков, овој универзитет се финансира принципиелно или пристапот ќе биде како и за другите универзитети. Ако нема нешто, тоа не значи дека не ќе има. Затоа, секој универзитет си има ставка приходи каде што од тие пари ќе има можности да ги надополнува активностите, како што тоа го прават Скопскиот и Битолскиот универзитет, така што, тоа е една почетна позиција што е втемелена врз принципот на решавање, поконзистентно решавање на проблемот на високото образование и е почеток на една голема работа што, ве уверувам, ќе оди во насока на принципиелно решавање и поддржување на квалитет за што многу пратеници, без разлика од која страна говореа, со право покренаа некои проблеми што јас и ги сфаќам и ги разбирам и подготвен сум во една постапка тие да ги реализирам. Но, за да навлеземе во тие постапки, мора да почнеме од ова. Мислам дека ова решение дава простор и можност еднаш засекогаш да се надминат состојбите од кои што, како што реков еднаш, често или на кои што често се надоврзуваат и други параобразовни аспекти од кои што оваа држава нема некој интерес.

Затоа ве повикувам да размислуваме порационално, да го сфатиме овој придонес, да го сфатиме овој закон како придонес на сите нас за надминување на состојбите во образованието во овој контекст и да отвориме една страница според која што образованието понатаму ќе значи квалитет и компетентност.

Благодарам.

(Повеќемина пратеници се јавуваат истовремено за реплика).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам.

Прво, сакам нешто јас да кажам.

Почитувани пратеници, вие знаете дека на 26 декември имаме една долга седница. Знаете дека денеска Комисијата за финансирање и буџет се одложи заради работата по оваа точка. Вие знаете дека законски сме обврзани до 31 декември да го донесеме Буџетот.

Затоа, за да ги овозможам деловнички сите тие услови, како претседател ја прекинувам работата на седницава, а дополнително е бидете информирани кога ќе продолжи.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот).